МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СВЕТИ НИКОЛЕ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

ТЕМА:

ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ КАКО ДЕЛ ОД ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ

Ментор: Проф. др - Васко Стамевски

Студент: Леонора Павлова

Број на индекс: М237007

Насока: Казнено Право

Свети Николе, 2025

АПСТРАКТ

Овој магистерски труд претставува сеопфатна анализа на трговијата со луѓе како составен дел од организираниот криминал, со посебен фокус на нејзините правни, институционални и социо-економски аспекти. Истражувањето се заснова пред се на правен пристап кој ги опфаќа историските корени на феноменот, неговите современи манифестации, како и комплексната меѓународна и национална регулатива што ја уредува оваа појава. Во рамките на трудот е извршена детална теоретска и нормативна елаборација на поимот, преку осврт на меѓународни инструменти, како и на домашната правна рамка во Република Северна Македонија. Особено внимание е посветено на функционирањето на институциите, нивната улога и капацитет во борбата против трговијата со луѓе, вклучително и специјализираните тела и механизми на превенција и санкција.

Преку анализа на судска пракса, студии на случаи и компаративни примери од европски држави како Италија, Норвешка, Русија, Шпанија и Холандија, трудот настојува да ги прикаже моделите на организирано делување кои ја одржуваат трговијата со луѓе како профитабилен и ниско ризичен криминален бизнис. Додадена е и прецизна разработка на улогата на меѓународни и локални невладини организации, нивниот придонес во поддршката на жртвите и создавањето јавни политики.

Во последниот дел е вклучена и анализа на релевантната судска практика на Европскиот суд за човекови права во контекст на член 4 од Европската конвенција за човекови права, со осврт на прашања поврзани со експлоатација, заштита и одговорност на државите. Истражувањето завршува со методолошка рамка, резултати, анализа на хипотези и препораки за унапредување на борбата против трговијата со луѓе.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: експлоатација, институции, организиран криминал, трговија со луѓе.

ABSTRACT

This master's thesis presents a comprehensive analysis of human trafficking as an integral part of organized crime, with particular emphasis on its legal, institutional, and socio-economic dimensions. The research is primarily grounded in a legal approach, encompassing the historical roots of the phenomenon, its contemporary manifestations, and the complex international and domestic regulatory frameworks that govern it. The study includes a detailed theoretical and normative elaboration of the concept, focusing both on international legal instruments and the domestic legal system of the Republic of North Macedonia. Special attention is given to the functioning of institutions, their role, and their operational capacity in combating human trafficking, including specialized bodies and mechanisms for prevention and sanction.

Through the analysis of judicial practice, case studies, and comparative examples from European countries such as Italy, Norway, Russia, Spain, and the Netherlands, the thesis aims to illustrate patterns of organized conduct that sustain human trafficking as a profitable and low-risk criminal enterprise. It also includes a precise examination of the role of international and local non-governmental organizations, their contribution to victim support, and their influence on public policy development.

The final section contains an analysis of the relevant case law of the European Court of Human Rights in relation to Article 4 of the European Convention on Human Rights, with a particular focus on issues of exploitation, victim protection, and state responsibility. The research concludes with a methodological framework, presentation of findings, hypothesis analysis, and policy recommendations aimed at improving efforts to combat human trafficking.

KEY WORDS: exploitation, human trafficking, institutions, organized crime.

СОДРЖИНА

ВОВЕД 1

ГЛАВА 1: ПОИМ, ДЕФИНИЦИИ И ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ 3

1.1. Етимолошки осврт, поим и дефиниција на трговијата со луѓе 3

1.2. Историски развој на трговијата со луѓе 6

1.3. Современи форми на трговијата со луѓе 8

ГЛАВА 2: МЕЃУНАРОДНИ ИНСТИТУЦИИ И ОРГАНИЗАЦИИ И ПОТРЕБАТА ОД ПОМОШ 11

2.1. Меѓународни правни инструменти и организации (ОН, Интерпол, ЕУ) 11

2.2. Улога на меѓународни и локални невладини организации 14

2.3. Ефикасност на соработката помеѓу државите 16

2.4. Функцијата на меѓународните механизми за следење и оценка на ефективноста 18

ГЛАВА 3: ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ ВО МАКЕДОНИЈА: ПРАВНА РАМКА И АНАЛИЗА 21

3.1. Взаемна поврзаност помеѓу транснационалниот и организираниот криминал 21

3.1.1. Правнодржавна рамка на организираниот криминал 24

3.1.2. Правната држава „против државата“ 26

3.2. Злосторничко здружување како самостојно кривично дело: етимолошки, феноменолошки и доктринален осврт 28

3.3. Примена на Законот за кривична постапка во случаи на трговија со луѓе како организиран криминал 33

3.4. Институционална рамка за спротивставување на трговијата со луѓе и организираниот криминал: надлежности, дејствување и нормативна интервенција 35

3.4.1. Основно јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција (ОЈОГОКК) 36

3.4.2. Министерство за внатрешни работи 36

3.4.3. Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција 37

3.4.4. Министерство за труд и социјална политика 38

3.4.5. Царинска управа 38

3.4.6. Правосудна академија – Академија за судии и јавни обвинители 39

3.4.7. Финансиска полиција и Управа за финансиско разузнавање 39

3.5. Преглед на криминалните активности во Македонија поврзани со трговијата со луѓе 39

3.6. Студија на случај: Кривичноправна и криминалистичка анализа на пресудата против 13 лица за трговија со дете, полов напад и порнографија (Кривичен суд – Скопје, 20.11.2024) 41

3.7. Студија на случај: Извештај за трговија со луѓе за 2024 година: Северна Македонија од Стејт департментот на САД 44

3.8. Студија на случај: Процесна заштита и испитување на деца-жртви на трговија со луѓе во судската пракса на Република Северна Македонија 47

ГЛАВА 4: ЕВРОПСКИ ДРЖАВИ 50

4.1. Норвешка 50

4.2. Италија 53

4.3. Русија 55

4.4. Шпанија 58

4.5. Холандија 61

ГЛАВА 5. ЈУРИСДИКЦИЈА, ДОКТРИНА И РЕЛЕВАНТНА ЈУРИСПРУДЕНЦИЈА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО ОДНОС НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ 65

5.1. Член 4 од Европската конвенција за човекови права – Забрана на ропство и принудна работа 65
5.2. Доктринален развој и применливост на член 4 од ЕКЧП 65
5.3. Релевантна судска практика на ЕСЧП 66
5.3.1. Case of Rantsev v. Cyprus and Russia (Appl. no. 25965/04) 67
5.3.2. Case of T.I. and Others v. Greece (Appl. no. 40311/10) 67
5.3.3. Case of S.M. v. Croatia (Appl. no. 60561/14, Grand Chamber) 68
5.3.4. Case of L.E. v. Greece (Appl. no. 71545/12) 69
5.3.5. Case of Chowdury and Others v. Greece (Appl. no. 21884/15) 70
ГЛАВА 6. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ 71
6.1. Формулација на проблемот 71
6.2. Определување на предметот на истражувањето 72
6.3. Теоретско одредување на предметот 73
6.4. Појмовно-категоријален апарат 74
6.5. Операционално определување на предметот 75
6.5.1. Временско одредување на истражувањето 77
6.5.2. Просторно определување на истражувањето 78
6.5.3. Дисциплинарно определување на истражувањето 79
6.6. Цели на истражувањето 80
6.7. Хипотетичка рамка – хипотези 80
6.8. Начин на истражување – методи и техники 81
6.9. Научна и општествена оправданост на истражувањето 83
ГЛАВА 7. РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА 85
7.1. Одговор на истражувачките прашања 85
7.2. Одговор на целите на истражувањето 87

7.3. Одговор на поставените хипотези 88

7.4. Компаративна перспектива: Релативно позиционирање, системски потенцијали и нормативна асиметрија во контекстот на трговијата со луѓе 91

7.5. Општа дискусија 94

ЗАКЛУЧОК 96

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 98

ВОВЕД

Трговијата со луѓе претставува еден од најсложените и најдеструктивни општествени феномени кои го засегаат современиот свет, но и државите со ограничени ресурси и нестабилна институционална рамка. Овој феномен не се сведува единствено на криминална дејност, туку го опфаќа прашањето за човековото достоинство, безбедноста, социјалната сигурност и владеењето на правото. Оттаму, изборот на оваа тема произлегува од стремежот за темелно разбирање на нејзините појавни облици, општествени и правни димензии, како и потребата од ефикасни механизми за превенција и санкционирање.

Темата „Трговијата со луѓе како дел од организираниот криминал“ е од суштинско значење во рамките на современите безбедносни и правни предизвици, особено во држави кои се наоѓаат на транзитни патишта на миграција или се соочуваат со недоволно функционални институции. Овој труд има за цел да понуди анализа на трговијата со луѓе како организирана форма на криминал, преку преглед на правната рамка, улогата на државните и меѓународните институции, како и компаративни искуства на одредени европски држави.

Истражувачката поставеност е структурирана околу неколку суштински прашања:

1. *Во која мера трговијата со луѓе во Република Северна Македонија е интегрирана во шемите на организираниот криминал?*
2. *Какви се резултатите од постојните правни, институционални и меѓународни механизми за спречување и гонење на трговијата со луѓе?*
3. *Кои се доминантните предизвици во идентификувањето, заштитата и реинтеграцијата на жртвите?*

Трудот се стреми да понуди одговори преку анализа на релевантна законска и институционална документација, меѓународни акти и искуства, како и преку детектирање на слабостите и потенцијалите во домашниот систем. Притоа, основната цел е да се развие јасна слика за функцијата на трговијата со луѓе во рамките на поширокиот организиран криминал и да се укаже на потребата од системска и меѓусекторска интервенција.

Во првата глава се обработуваат поимните и историските аспекти на трговијата со луѓе, вклучително и современите форми на нејзино манифестирање. Втората глава ги разгледува улогата и ефикасноста на меѓународните институции и правни механизми. Третата глава е посветена на правната рамка и состојбата во Република Северна Македонија. Во четвртата глава се прави компаративна анализа со одбрани европски држави, и тоа: Норвешка, Италија, Русија, Шпанија и Холандија. Петтата глава е посветена на јурисдикцијата,доктрината и праксата на ЕЦЧП, шестата глава ги разработува методолошките основи на трудот, додека седмата претставува анализа на добиените резултати, нивна дискусија и препораки за понатамошно дејствување.

Трудот има за цел да придонесе кон продлабочено разбирање на трговијата со луѓе како организиран криминален модел, со акцент на правната анализа, институционалниот одговор и можностите за долгорочна превенција.

"Ако сте примамени во друга држава со ветувања за добра работа и подобар живот, но наместо тоа сте присилени на проституција и принудна работа, ако треба да молчите за тоа, бидејќи вам или на вашето семејство ви се заканuваат, без сомнение сте жртви на трговија со луѓе "

Joy Ngozi Ezeilo,

специјален известувач на ООН за трговија со луѓе

ГЛАВА 1. ПОИМ, ДЕФИНИЦИИ И ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ

1.1. Етимолошки осврт, поим и дефиниција на трговијата со луѓе

Понекогаш, најголемите концептуални и правни недоследности произлегуваат од самото значење на терминот што се користи за означување на појава од глобални размери. Синтагмата „трговија со луѓе“ не е резултат на унифицирано правно и лингвистичко уредување, туку произлегува од потребата да се опише комплексна криминална активност која еволуирала низ различни историски и социоекономски контексти. Во нејзината основа, зборот „трговија“ потекнува од старословенското „трьговати“, што означувало размена на добра, стоки или вредности со цел остварување на материјална корист. Од друга страна, „луѓе“ се однесува на човечки суштества, субјекти на право и носители на достоинство. Комбинацијата на овие два поима, сама по себе, имплицира противречност – бидејќи се поврзува концептот на економска трансакција со субјекти кои не смеат да бидат третирани како објекти во правниот и моралниот поредок.

Овој јазичен антагонизам доведе до создавање на бројни синоними и хомоними, особено во медиумската и политичката употреба. Во домашната и странската литература, појавата се именува како „бело робје“, „трговија со човечки суштества“, „криумчарење на луѓе“, „трговија со жени и деца“, или пак „нелегално посредување за вработување во странство“. Терминолошката расцепканост, меѓу другото, доведува до правна неусогласеност и практична збунетост, бидејќи различни појави се обележуваат со исти термини, а исти феномени со различни називи. Токму оваа состојба создава потреба од систематизирање и разграничување на термините кои опфаќаат аспекти на оваа криминална дејност.

Во правната и криминолошката наука, терминот „трговија со луѓе“ не се третира како чисто економски процес, туку како сериозен вид на кривично дело поврзано со експлоатација, присилна работа, сексуално искористување, ропство или вадење органи. Овој поим вклучува комплексна криминална шема која обично подразбира регрутација, транспорт, преместување, засолнување или прием на лица, спроведени преку употреба на сила, закана, измама, злоупотреба на ранливост или

други средства насочени кон експлоатација. Се работи за процес кој во суштина не е едноставен чин на продажба, туку организирана серија на дејствија што водат кон неволно искористување на човечко суштество[1].

Според проф. д-р Зоран Сулејманов, трговијата со луѓе претставува една од формите на транснационален организиран криминал, чија суштина се состои во противправно остварување на економска или друг вид корист преку продажба на мигранти. Тој укажува дека оваа корист се реализира преку дејствија како што се заканување, врбување, транспорт, криење и преселување на жртвите од едно во друго место, активности што обично ги извршуваат посредници. Во завршната фаза, експлоатацијата се спроведува од страна на оние кои ги држат лицата во состојба на зависност и потчинетост, што овозможува континуирано искористување и профитирање врз основа на нивната ранливост[2].

Меѓународноправната дефиниција што се смета за најшироко прифатена потекнува од Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, особено жени и деца, донесен во Палермо во 2000 година[3]. Според него, трговијата со луѓе вклучува „регрутирање, транспортирање, трансфер, засолнување или прием на лица, со примена на закана, сила или други форми на принуда, измама, злоупотреба на моќ или состојба на ранливост, или давање/примање пари или корист за постигнување согласност од лице кое има контрола над друго лице, со цел експлоатација“ (UN, 2000, чл. 3). Под експлоатација се подразбира најмалку: сексуално искористување, присилна работа, ропство, или вадење органи[4].

Според докторската дисертација на Станојоска, трговијата со луѓе мора да се третира како „сложен криминален процес“ кој не може да се објасни со едноставна правна класификација. Таа укажува на тоа дека овој вид криминалитет го поврзува

[1] Данаилов, Владимир, Трговија со луѓе – криминален бизнис со робовладетелски лик, Меѓународна организација за миграции мисија во Скопје, Скопје, 2001, стр 1

[2] Сулејманов, З. (2007). *Криминологија*. Скопје: Графос, стр. 147.

[3] Согласно чл. 3 од Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со лица, особено жени и деца, усвоен со Резолуцијата A/PEC/55/25 од 15.11.2000 година, на 55-тата седница на Генералното собрание на ОН. Република Македонија го потпиша овој Протокол, со кој седополнува Конвенцијата против меѓународниот организиран криминал, на 14 декември 2000 година. Во таа насока, Владата почна да презема практични мерки, како што се формирањето на Комисијата за сузбивање на трговијата со луѓе на 27 февруари 2001 година.

[4] United Nations. (2000). *Protocol to Prevent, Suppress and Punish Trafficking in Persons, Especially Women and Children, supplementing the United Nations Convention against Transnational Organized Crime (Palermo Protocol)*. United Nations Office on Drugs and Crime, чл. 3, стр. 42.

модерниот глобализиран свет со практики што потекнуваат од времињата на колонијализмот, ропството и економската експлоатација.

Луиз Шели, професорка и истражувач на транснационалниот организиран криминал, трговијата со луѓе ја идентификува како дел од глобалната економија, каде луѓето се предмет на комерцијална експлоатација преку криминални структури. Според неа, економските нееднаквости, корупцијата и недоволната институционална реакција создаваат погодна средина за ширење на овој феномен (Shelley, 2003)[5].

Ен Галагер, експерт за меѓународно право, посочува дека суштината на трговијата со луѓе лежи во нарушувањето на човековото достоинство и лична автономија. Таа нагласува дека оваа појава не се сведува на движењето на жртвите, туку на нивната целосна експлоатација во контексти каде контролата е системски наметната (Gallagher, 2010)[6].

Од перспектива на истражувањата за модерно ропство, Кевин Бејлс смета дека трговијата со луѓе е економски мотивирана форма на ропство, каде човекот се третира како потрошна алатка. Според него, трговијата со луѓе претставува најгруба форма на дерогирање на личната слобода во постмодерното општество (Bales, 2007)[7].

Според Меѓународната организација на трудот (ILO), трговијата со луѓе е процес кој се одвива преку регрутација и присилна мобилизација на лица за експлоатација, што може да биде трудова, сексуална, или поврзана со продажба на органи. Особено се нагласува присуството на присилни средства и злоупотреба на ранливоста на жртвите како суштински елементи во нејзиното определување (ILO, 2012)[8].

Од изнесените дефиниции може да се заклучи дека трговијата со луѓе претставува структурирана криминална појава чија суштина се темели на

[5] Shelley, L. (2003). Human trafficking: Transnational organized crime and human rights. *The Annals of the American Academy of Political and Social Science, 588*(1), 147–162, стр. 148.
[6] Gallagher, A. T. (2010). *The international law of human trafficking*. Cambridge University Press, стр. 28.
[7] Bales, K. (2007). *Ending slavery: How we free today's slaves*. University of California Press, стр. 12.
[8] International Labour Organization. (2012). *ILO global estimate of forced labour: Results and methodology*. Geneva: ILO, Достапно на https://www.ilo.org/global/publications/books/WCMS_182004/lang--en/index.htm (Превземено и пристапено на ден 01.02.2025

експлоатација на лица преку сила, измама или манипулација, со цел добивање материјална или друга корист. Таа не е ограничена само на физичкиот трансфер на жртвите, туку подразбира систем на контрола, злоупотреба и деградација на човечкото достоинство во различни контексти, од сексуална и трудова експлоатација, до ропство и принудни бракови. Како таква, трговијата со луѓе се издвојува како еден од најопасните облици на транснационален криминал, кој бара сложен и координиран меѓународен и национален одговор.

1.2. Историски развој на трговијата со луѓе

Историјата на трговијата со луѓе не започнува во модерното доба. Нејзините корени се длабоко вградени во развојот на човековото општество уште од најраните цивилизации, каде што поробувањето на поединци се сметало за легитимна практика во рамките на освојувања, осуденички казни или економски интереси. Веќе во древен Египет и Месопотамија се јавуваат првите документирани случаи на ропство како економски и социјален систем[9]. Според податоци од археолошки наоди и пишани закони, во 2100 година п.н.е. се регистрираат трговски практики со робови од Сирија во Египет, каде што робовите биле третирани како стока со назначена вредност[10].

Во антиката, ропството било институционализирано, особено во Римската Империја, каде што робовите не само што биле средство за продуктивна дејност – како занаетчии, слуги или земјоделци, туку и објект на трговија на отворени пазари. Правниот статус на робовите бил прецизно регулиран со римското право, кое дозволувало апсолутна власт на господарите, вклучително и право на живот и смрт. Кон крајот на оваа епоха, процесот на ослободување на робовите добил замав, делумно поради ширењето на христијанството и неговиот морален дискурс, но и поради економските фактори, како високите трошоци за одржување на робовската работна сила.

Средниот век не означува прекин туку трансформација на оваа појава. Во Византија, Јустинијановиот кодекс ги потврдува правата на господарот врз робот,

[9] Maggy Lee. (2009). *Trafficking and global crime control*. London: SAGE Publications, стр. 20.
[10] Mitchel P. Roth. (2010). *Global Organized Crime*. Santa Barbara: ABC-CLIO, стр. 17.

вклучително и сопственост над неговата заработка. Истата правна и културна матрица се шири и во западноевропските кралства. Во исламскиот свет, особено за време на експанзијата на Отоманската Империја, трговијата со робови добива нов облик – со висок степен на институционализација, преку користење на робови како војници, административни службеници и сексуални објекти во харемите[11].

Колонијалната ера, почнувајќи од XV век, претставува најжестоката фаза на институционализирана трговија со луѓе. Шпанија, Португалија, Холандија, Франција и Велика Британија воспоставуваат атлантски трговски рути каде што милиони лица, главно од Африка, биле транспортирани во Америка како робови. Овој процес трае речиси 350 години и е познат како Трансатлантска трговија со робови. Тој се темели на брутална економска логика: човечкото суштество се сведува на работна сила, што може повеќепати да се препродава или заменува, со профитна маргина повисока од која било друга стока во тоа време.

Во XVIII и XIX век започнува процесот на аболиција, кој најпрво го започнуваат САД и Велика Британија. Преку долготрајна борба од страна на хуманистички и антиробовладетелски движења, трговијата со робови почнува да се смета за неетична, криминална и некомпатибилна со модерната идеја за човекови права. Сепак, и по нејзината формална забрана, во многу региони, особено во Африка, Азија и Балканот, продолжуваат прикриени форми на експлоатација.

Современата етапа од развојот на трговијата со луѓе, започнува по падот на комунистичките режими и интензификацијата на глобализацијата. Денешните облици не се идентични со претходните, но задржуваат одредени структурни елементи – контролата врз телото и трудот на другото лице, употребата на присила, економската експлоатација и непостоењето на слобода. Разликата е во методологијата, која сега е покриена со слоеви на лажна легалност, посреднички агенции, фалсификувани документи и дигитални алатки[12]. Жртвите се доведуваат

[11] Арнаудовски, Д. и Стојановски, Ѓ. (2011). *Трговија со луѓе – криминалитет*. Скопје: ФОН Универзитет, стр. 85-100.
[12] Tom Obokata. (2006). *Trafficking of Human Beings from a Human Rights Perspective*. Leiden–Boston: Martinus Nijhoff Publishers, стр. 10-13.

во состојба на потчинетост не само физички, туку и психолошки, правно и економски[13].

Со други зборови, историјата на трговијата со луѓе може да се разбере како непрекината линија на модификации на обликот, а не на суштината. Преодот од отворено ропство кон прикриена експлоатација е резултат на променетите општествени вредности, но не и на целосно отстранување на логиката на доминација и корист. Оттаму, суштинското прашање не е само кога и како започнала трговијата со луѓе, туку зошто таа, и покрај историските осуди, опстојува и денес во нови облеки.

1.3. Современи форми на трговијата со луѓе

Современите форми на трговијата со луѓе се карактеризираат со висока адаптибилност, прикриеност и сложена меѓународна организираност, што ги прави значително потешки за идентификација и сузбивање во однос на нивните историски претходници. Иако формално забранета во речиси сите држави и јурисдикции, трговијата со луѓе денес егзистира под нови облици, чија експлоатација се остварува во контекст на правно неутрални или лажно легализирани рамки, зад кои се крие бруталната реалност на контролата и искористувањето на човечки суштества.

Современата трговија со луѓе најчесто се манифестира преку пет главни категории: сексуална експлоатација, трудова експлоатација, принудно просење, присилен брак и трговија со органи. Овие форми се различни по механизам, целна група и облик на контролата, но сите се засноваат врз искористување на лична, правна или економска ранливост на жртвата. Сексуалната експлоатација, особено на жени и девојчиња, претставува најчеста форма, според податоци на Меѓународната организација за миграции, додека трудовата експлоатација често се спроведува во градежништвото, земјоделството, текстилната и домашната работа, најчесто во услови слични на ропство[14].

[13] Kevin Bales. (2007). *Ending slavery: How we free today's slaves*. Berkeley and Los Angeles: University of California Press, p. 10.
[14] International Organization for Migration (IOM). (2022). *Global Report on Trafficking in Persons*.

Една од новите појави што ја обележува модерната етапа на трговијата со луѓе е употребата на информатичко-комуникациски технологии (ИКТ) како средство за врбување, организирање и експлоатација. Онлајн платформите, социјалните мрежи и апликациите за комуникација сè почесто се користат за идентификација на потенцијални жртви, нивно мамиње преку лажни понуди за работа, и координација на трговски мрежи кои функционираат паралелно со легалниот систем[15]. Трговците со луѓе користат енкриптирани апликации, дигитални плаќања и фалсификувани дигитални документи, што дополнително го усложнува процесот на откривање и процесуирање.

Современите конфликти, масовните миграции и нестабилноста на правните системи во одредени региони создаваат идеална подлога за раст на оваа појава. Во контексти на воени и хуманитарни кризи, како што се конфликтите на Блискиот Исток, Украина или некои делови од Африка, зголемувањето на мигрантските текови создава зголемен ризик за експлоатација. Мигрантите често се жртви на трговија уште за време на нивното патување, особено кога се препуштени на милост и немилост на криминални мрежи кои ги нудат своите „услуги“ за премин на граници или наоѓање работа во странство[16].

Трговијата со луѓе во 21-от век не е ограничена на развојно заостанати држави. Напротив, таа се јавува и во развиени земји, но во прикриени форми: под плаштот на агенции за работа, туристички визи, или фиктивни бракови. Дури и формалната легалност не е гаранција за одсуство на експлоатација – жртвите често се држат под закана со депортација, задолжување, одземање на документи или социо-психолошки манипулации. Во некои случаи, лицата не се ни свесни дека се жртви, бидејќи системот на контрола е дискретен, а експлоатацијата се одвива во правно сиви зони.

Посебно алармантен тренд претставува експлоатацијата на деца – како за принудно просење, така и за сексуални цели или нелегално вдомување. Дигиталната педофилија и т.н. „онлајн сексуална експлоатација на деца“

[15] Council of Europe. (2024). *Trafficking in Human Beings and Information and Communication Technologies: Abuse and Institutional Response in North Macedonia*, стр. 19–22.
[16] United Nations Office on Drugs and Crime (UNODC). (2020). *Global Study on Smuggling of Migrants*, стр. 36.

претставуваат подкатегории на трговијата со луѓе, кои функционираат како виртуелни мрежи на злоупотреба со глобален досег[17].

Треба да се нагласи дека не постои униформен профил на жртва или сторител. Трговците се адаптираат според културниот, правниот и економскиот контекст во кој делуваат, користејќи хибридни модели што комбинираат легални и криминални механизми. Ова го отежнува идентификувањето, особено кога жртвата формално „прифатила“ да работи, но под околности на принуда или системска зависност.

Во крајна линија, современите форми на трговијата со луѓе го надминуваат класичниот поим на ропство и се трансформираат во флуидна мрежа на експлоатација, вградена во порите на глобалниот капитализам и современите технологизирани општества. Ефективната борба против овој феномен бара не само правна и институционална решителност, туку и културна, економска и дигитална отпорност.



Слика 1. https://respect.international/webinars/2018-2/ (Превземено и пристапено на ден 02.03.2025).

[17] ECPAT International. (2021). *Global Boys Initiative – Sexual Exploitation of Boys,* стр. 12.

ГЛАВА 2. МЕЃУНАРОДНИ ИНСТИТУЦИИ И ОРГАНИЗАЦИИ И ПОТРЕБАТА ОД ПОМОШ

2.1. Меѓународни правни инструменти и организации (ОН, Интерпол, ЕУ)

Борбата против трговијата со луѓе бара координиран пристап на меѓународно ниво, со правно утврдени инструменти и институционални механизми што овозможуваат унифицирано постапување во различни правни и политички системи. Ваквиот пристап претставува одговор на транснационалниот карактер на овој феномен, кој го надминува капацитетот на поединечни држави. Со цел обезбедување ефективна превенција, идентификација, санкционирање и заштита на жртвите, меѓународната заедница воспостави серија правни инструменти и механизми под раководство на Организацијата на Обединетите Нации, Интерпол и Европската Унија.

Основата на меѓународноправната регулатива ја поставува Протоколот за спречување, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, особено жени и деца, кој е составен дел од Конвенцијата против транснационален организиран криминал на ОН, усвоена во Палермо во 2000 година. Овој протокол воспоставува заедничка дефиниција на делото, идентификува клучни елементи на експлоатацијата и го нагласува значењето на соработката меѓу државите, вклучително со екстрадиција, заеднички истраги и трансфер на информации[18]. Неговата суштинска цел не е само репресија, туку и заштита на достоинството на жртвите преку норми за нивна идентификација, реинтеграција и репарација.

Работата на Канцеларијата на ОН за дрога и криминал (UNODC) е насочена кон мониторинг на имплементацијата на Протоколот, изработка на извештаи, унапредување на техничките капацитети на државите и обезбедување стандарди за истражување и гонење. United Nations Office on Drugs and Crime е многу значајна и важна иако има посредничка функција, собирањето и дистрибуцијата на

[18] United Nations. (2000). *Protocol to Prevent, Suppress and Punish Trafficking in Persons, Especially Women and Children*.

релевантни податоци, што овозможува пообјективна проценка на состојбата во глобални рамки[19].

Интерпол, како најстара и најголема полициска организација со меѓународен карактер, има воспоставено посебни механизми за борба против трговијата со луѓе. Преку своите бази на податоци, оперативни единици и алатки за координација, Интерпол овозможува идентификација на осомничени и жртви, прибирање на докази и издавање на црвени потерници. Покрај тоа, со организација на оперативни акции и размена на информации во реално време, институцијата игра клучна улога во спречувањето на трговските канали кои функционираат преку повеќе држави. Нејзиниот пристап се темели на техничка поддршка и размена на разузнавачки податоци, што овозможува навремено откривање на организирани мрежи[20].

Европската Унија развила целосна институционална и правна рамка за справување со трговијата со луѓе, втемелена врз Директивата 2011/36/ЕУ. Оваа директива не само што ја дефинира трговијата со луѓе како тешко кривично дело, туку воведува обврски за државите членки во поглед на идентификација, заштита и поддршка на жртвите. Особено значајна е вградената обврска за негова проактивна идентификација и за обезбедување на неказнивост на жртвите што сториле кривични дела како резултат на трговијата. Европол и Евроџаст имаат оперативна и правна функција во координирање на прекуграничните истраги, додека координаторот на ЕУ за борба против трговијата со луѓе врши мониторинг на стратегиските имплементации и предлага подобрувања[21].

Важен инструмент е и Конвенцијата на Советот на Европа за борба против трговијата со луѓе од 2005 година, која ја проширува заштитата на жртвите и бара од државите членки не само да инкриминираат, туку и активно да спречат, едуцираат и социјално реинтегрираат. Преку механизмот GRETA, Советот на

[19] UNODC. (2022). *Global Report on Trafficking in Persons*, Ова е специјализирана канцеларија на ОН која се занимава со глобални прашања поврзани со организиран криминал, трговија со дрога, корупција, тероризам и трговија со луѓе. Учествува во креирање на политики, собирање податоци и спроведување програми за техничка поддршка во повеќе од 150 држави.
[20] INTERPOL. (2023). *Human Trafficking – Operational Framework and Coordination Tools.*
[21] European Commission. (2011). *Directive 2011/36/EU on preventing and combating trafficking in human beings and protecting its victims*.

Европа врши мониторинг врз исполнувањето на обврските и објавува детални извештаи за состојбата во секоја држава[22].

Значењето на овие меѓународни инструменти и институции не се огледа само во нивната формална содржина, туку во нивната способност да поттикнат правна хармонизација, да овозможат прекугранична соработка и да создадат унифицирани критериуми за интервенција. Во услови кога трговијата со луѓе ја менува формата и ги злоупотребува институционалните слабости, меѓународната координација останува единствениот ефикасен пат за одговор што ги надминува националните ограничувања.



Слика 2. https://www.interpolice.org/ (Превземено и пристапено на ден 05.03.2025).

[22] Council of Europe. (2005). *Council of Europe Convention on Action against Trafficking in Human Beings.*

2.2. Улога на меѓународни и локални невладини организации

Историскиот развој на ангажманот на невладиниот сектор во борбата против трговијата со луѓе е тесно поврзан со појавата на првите организирани граѓански движења за заштита на човековите права во XIX век. Првичните форми на активизам беа насочени кон укинување на ропството и подигање на јавната свест за последиците од економската експлоатација на поединци. Со текот на времето, овие иницијативи се трансформираа во институционализирани организации со конкретна мисија, правна форма и оперативен капацитет, кои денес претставуваат суштински партнери во глобалната борба против современите форми на експлоатација.

Во современиот контекст, меѓународните невладини организации делуваат на неколку фронтови: превенција, идентификација, правна помош, психосоцијална поддршка и застапување за системски промени. Организации како *Anti-Slavery International, ECPAT International, La Strada International u International Justice Mission* имаат воспоставено глобални мрежи за размена на информации, истражувачки ресурси и практики за заштита на жртвите. Тие се вклучени во мапирање на ризични зони, анализа на трендови и поддршка на процеси за донесување на законодавни измени во државите каде институционалните капацитети се ограничени[23].

Посебна улога имаат организациите кои работат на терен, често во непријателски или правно нестабилни средини, каде што државните органи или се пасивни или делуваат селективно. Токму во такви околности, локалните невладини актери воспоставуваат безбедносни мрежи, засолнувачки капацитети и механизми за итна интервенција. Преку директна комуникација со заедниците, овие субјекти се во можност да навлезат во структури на доверба и да обезбедат податоци и сведоштва кои инаку би останале скриени. Тие ја надополнуваат државната интервенција, особено кога станува збор за маргинализирани групи кои немаат

[23] La Strada International. (2021). *NGO monitoring and victim support report*.

пристап до формален правен систем или се жртви на институционална дискриминација[24].

Во последните две децении, улогата на НВО се проширува и во доменот на дигитална заштита и спротивставување на злоупотребата на технологии во процесот на врбување и контрола на жртвите. Преку кампањи за подигање на дигиталната писменост, мониторинг на интернет платформи и соработка со технолошки компании, граѓанскиот сектор стана активен чинител во спречување на онлајн експлоатација, особено на деца и млади. Некои меѓународни мрежи обезбедуваат и алатки за самозаштита, како и платформи за анонимно пријавување на сомнителни активности[25].

Локалните невладини организации во Република Северна Македонија, вклучувајќи ги Отворена порта (La Strada), ХОПС и Македонскиот центар за меѓународна соработка, имаат развиено иновативни модели на соработка со полицијата, центрите за социјална работа и здравствените институции. Тие обезбедуваат прифаќалишта, правна помош, психолошка поддршка и програми за ресоцијализација и економска реинтеграција на жртвите. Преку своето учество во националните тела за борба против трговијата со луѓе, овие организации влијаат и на креирање на јавни политики и стратешки документи. Покрај практичната поддршка, тие играат едукативна и мобилизаторска функција во општеството, иницирајќи јавни дебати и кампањи за промена на перцепциите поврзани со жртвите на трговијата[26].

Значаен напредок е постигнат и во делот на соработката помеѓу меѓународните и локалните невладини актери, преку воспоставување регионални платформи и заеднички истражувања. Овие механизми ја зајакнуваат експертизата и оперативната покриеност, но и овозможуваат унифицирани стандарди за постапување во случаи на прекугранична трговија.

[24] ECPAT International. (2022). *Community-Based Interventions Against Human Trafficking*.
[25] International Justice Mission. (2020). *Online Sexual Exploitation of Children – Trends and Responses*.
[26] Отворена порта. (2023). *Годишен извештај за активности и влијание во борбата против трговијата со луѓе во РСМ*.

И покрај постигнатиот напредок, предизвик остануваат финансиската зависност на голем дел од овие организации и ограниченият пристап до одредени институции, особено во средини каде државниот апарат е недоверлив или нефункционален.

Во поширока смисла, невладиниот сектор претставува мост помеѓу индивидуалната жртва и системските механизми на заштита. Преку својата автономија, блискост со ранливите групи и флексибилност во дејствување, тој надополнува многу од институционалните слабости, обезбедувајќи човечка, непосредна и ефикасна интервенција. Истовремено, неговата улога останува суштинска за континуирана евалуација на националните и меѓународните политики, и нивно приспособување според потребите на оние што се најпогодени од оваа појава.

2.3. Ефикасност на соработката помеѓу државите

Соработката помеѓу државите претставува еден од најважните елементи за ефективно справување со трговијата со луѓе, особено имајќи предвид дека оваа појава ретко се ограничува во рамките на една територија. И покрај постоењето на меѓународни правни инструменти и институционални механизми за соработка, праксата покажува дека реалната ефикасност на оваа соработка е често условена од разлики во правните системи, административните капацитети, политичките приоритети и степенот на доверба помеѓу државите.

Еден од главните предизвици во меѓудржавната координација се однесува на неусогласеноста на законодавствата и правните дефиниции за трговијата со луѓе. Во одредени држави ова дело е опфатено во поширoки категории како миграционен или морален прекршок, додека во други е третиран како тешко кривично дело со строги казни.

Таквите несразмерности доведуваат до потешкотии во екстрадиција, заеднички истраги и размена на докази. Gallagher и Holmes нагласуваат дека без усогласени процедури, дури и добронамерените иницијативи остануваат ограничени на декларативно ниво[27].

Како што укажува Obokata, успешната соработка мора да биде заснована врз меѓусебна почит кон стандардите за човекови права, особено во делот на заштитата на жртвите и принципот на неказнивост за дејствија што жртвата ги сторила под принуда. Тој идентификува недостиг на овие стандарди како пречка за суштинска доверба помеѓу државите, што резултира со ретка примена на заеднички акции и фрагментирана поддршка за жртвите[28].

UNODC во своите анализи покажува дека организираните криминални мрежи кои се занимаваат со трговија со луѓе се високо адаптивни и користат слабости во прекуграничните безбедносни механизми. Според Vermuelen и соработниците, дури и кога постојат формални договори за соработка, недоволната координација меѓу органите за гонење често води до дуплирање на активности, пропуштени можности за апсење и неможност за целосно демонтирање на криминалните структури[29].

Регионалната соработка, особено во рамките на Европската Унија, претставува позитивен пример на структурирана, институционализирана координација. Механизми како Евроџаст, Европол и Споразумот од Прум овозможуваат размена на податоци, формирање заеднички истражни тимови и поддршка за граничните служби. Сепак, Shelley забележува дека овие механизми најчесто се ограничени на државите членки, што создава оперативен јаз помеѓу ЕУ и соседните држави од Западен Балкан и Источна Европа[30].

Од друга страна, слабата соработка со државите на потекло на жртвите – особено од региони погодени од конфликти, сиромаштија и институционална

[27] Gallagher, A., & Holmes, P. (2008). Developing an Effective Criminal Justice Response to Human Trafficking: Lessons from the Front Line. *International Criminal Justice Review*, 18(3), стр. 321.
[28] Obokata, T. (2006). *Trafficking of Human Beings from a Human Rights Perspective*. Leiden–Boston: Martinus Nijhoff Publishers, стр. 34.
[29] Vermuelen, G., Van Damme, Y., & De Bondt, W. (2010). Organized crime involvement in trafficking in persons and smuggling of migrants. *UNODC Publication*, стр. 117.
[30] Shelley, L. (2010). *Human Trafficking: A Global Perspective*. Cambridge: Cambridge University Press, стр. 49.

нестабилност, претставува дополнителна пречка. Според UNODC, постои системски недостиг на реципроцитет во размената на податоци, особено кога жртвата потекнува од држава со ниска дипломатска и правна инфраструктура. Тоа често резултира со нецелосно идентификување на трговските канали и неуспешно процесуирање на организаторите[31].

Во услови на глобализирана трговија со луѓе, соработка помеѓу државите не смее да се темели единствено врз договорни обврски, туку мора да биде поддржана со оперативни капацитети, доверба и конзистентни протоколи. Примери на успешна координација покажуваат дека заедничките истражни тимови, регионалните стратегии и системите за брза комуникација носат резултати.

2.4. Функцијата на меѓународните механизми за следење и оценка на ефективноста

Покрај воспоставувањето на правни инструменти и обезбедувањето на техничка и финансиска помош, една од суштинските надлежности на меѓународните организации е следењето на примената на преземените обврски и евалуацијата на ефективноста на државните мерки во борбата против трговијата со луѓе. Овие механизми не само што ја обезбедуваат транспарентноста и отчетноста во процесот, туку претставуваат и средство за утврдување на конкретни слабости, промовирање на добри практики и охрабрување на институционални реформи.

Еден од најзначајните механизми на европско ниво е *Групата на експерти за борба против трговијата со луѓе (GRETA),* формирана во рамки на Конвенцијата на Советот на Европа од 2005 година. Ова тело има мандат да го надгледува спроведувањето на обврските што државите ги презеле со ратификацијата на Конвенцијата. GRETA спроведува периодични евалуации на националните системи, преку детални прашалници, теренски посети и интервјуа со релевантни актери, вклучително и НВО и жртви. Извештаите што ги објавува не се ограничени на формални проценки, туку содржат конкретни препораки за подобрување на

[31] United Nations Office on Drugs and Crime (2009). *UN Handbook for Parliamentarians*. Vienna: UNODC, стр. 66–67.

законодавството, институционалната координација и практичната заштита на жртвите[32].

На глобално ниво, функцијата на Специјалниот известувач на ОН за трговијата со луѓе, воспоставена од Советот за човекови права, се состои во процена на состојбите, изготвување тематски извештаи и следење на исполнувањето на меѓународните обврски од страна на државите. Овој механизам има клучно значење за укажување на системски злоупотреби, недоследности или дискриминаторски практики во третманот на жртвите. Специјалниот известувач има овластување да упатува комуникации до државите и да иницира дијалог со властите во случаи на сериозни повреди на човековите права поврзани со трговијата со луѓе[33].

Во рамките на Европската Унија, постои посебна функција на Координаторот за борба против трговијата со луѓе, кој има мандат да ги надгледува националните акциски планови, да иницира соработка меѓу различни институции и да објавува стратешки извештаи за напредокот на државите членки. ЕУ исто така спроведува механизми за „peer review“, преку кои државите се оценуваат меѓусебно во рамки на тематски циклуси, што ја засилува елементот на одговорност и конкурентност во прилагодувањето кон заедничките стандарди[34].

Механизмите за мониторинг и евалуација не се ограничени на идентификување на слабостите, туку делуваат и како корективен фактор во процесот на јавното креирање политики. Преку објавување на извештаи, препораки и оценки, тие имаат влијание врз домашната законодавна агенда, распределбата на буџетски средства и стратешката определба на владините приоритети. Нивната функција е двојна: обезбедување на надворешна објективност и поттикнување на внатрешна отчетност. Присуството на овие тела делува превентивно, бидејќи носителите на одлуки се свесни дека нивните активности ќе бидат предмет на критичка анализа и јавна оценка.

---

[32] Council of Europe (2022). *GRETA 3rd Evaluation Round – North Macedonia Report*. Strasbourg: GRETA Secretariat, pp. 7–10.
[33] United Nations Human Rights Council (2021). *Report of the Special Rapporteur on trafficking in persons, especially women and children*. A/HRC/47/34, pp. 4–5.
[34] European Commission (2021). *Progress Report on the implementation of the EU Strategy on Combating Trafficking in Human Beings*. Brussels: EC, pp. 12–14.

Во услови на растечка комплексност на трговијата со луѓе, овие механизми претставуваат неопходна алатка за динамично прилагодување на институционалниот одговор, зајакнување на интернационалната доверба и поставување на конкретни цели кои се проверливи, мерливи и издржани од правна и морална гледна точка.



Слика 3. *https://www.nhagainstabuse.org/get-informed/human-trafficking-and-exploitation/ (Превземено и пристапено на ден 12.03.2025).*

ГЛАВА 3. ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ ВО МАКЕДОНИЈА: ПРАВНА РАМКА И АНАЛИЗА

3.1. Взаемна поврзаност помеѓу транснационалниот и организираниот криминал

Современата безбедносна парадигма укажува дека меѓу транснационалниот и организираниот криминал постои симбиотска врска што ја надминува класичната поделба на локален и меѓународен криминалитет. Иако концептуално различни, едниот по своето географско проширување, другиот по структура и функционалност, овие појави се често испреплетени, особено во контекстот на трговијата со луѓе како глобализирана и профитабилна активност. Преку оваа форма на криминалитет се манифестираат највисоките степени на интернационална координација, злоупотреба на технологии, корупција и користење правни празнини.

Според Владо Камбовски, организираниот криминал претставува социјален процес кој се развива низ мрежа на криминални субјекти што се поврзани со политички, економски и правосудни структури. Овие мрежи се хиерархизирани, но доволно флексибилни за да се прилагодат на условите во конкретна држава[35]. Транснационалниот криминал, од друга страна, се однесува на дејствија што се одвиваат преку повеќе држави, вклучувајќи територија, граѓанство на сторителите, локација на извршување и правни ефекти.

Во доменот на трговијата со луѓе, овие два вида криминалитет се практично неразделни. Според Phil Williams и Roy Godson, современите криминални групи повеќе не функционираат во рамки на национални граници, туку се организираат како флексибилни, високо адаптибилни мрежи кои користат глобални можности, технолошка поврзаност и институционални слабости[36]. Тие се движат низ држави со слаба правна инфраструктура, политичка нестабилност и корупција, што им овозможува безбедно извршување на сложени криминални активности.

[35] Камбовски, В. (2005). *Организиран криминал*, 2-ри Август С, стр. 24
[36] Williams, P., & Godson, R. (2002). Anticipating organized and transnational crime. *Crime, Law and Social Change*, стр. 311.

Криминалните групи кои се занимаваат со трговија со луѓе во транснационален контекст не се ограничени на една држава, туку развиваат сопствена економска, логистичка и институционална инфраструктура. Тие воспоставуваат мрежи на посредници, легализирани фирми, фиктивни бизниси, и вршат влијание врз административни и безбедносни структури. Покрај експлоатацијата на жртви, тие ги поврзуваат трговијата со луѓе со други кривични дејствија како перење пари, трговија со оружје и фалсификување документи[37].

Конвенцијата на Обединетите Нации против транснационален организиран криминал, позната како Палермо конвенција, нагласува дека секоја активност што вклучува повеќе од една држава треба да се третира како транснационален криминалитет и бара соодветен правен одговор и меѓународна соработка. Тука не се мисли само на физичко преминување на граници, туку и на учество на лица од различни држави, последици во повеќе јурисдикции или дејствување однадвор кон територија на друга држава[38].

Во пракса, ова значи дека организираните групи не само што преминуваат граници, туку се вмрежуваат со други структури, разменуваат ресурси, обезбедуваат нови релации и создаваат транснационални синдикати на криминалитет. Тие развиваат модели на паралелно функционирање, при што едни делови од групата вршат регрутација, други се занимаваат со логистика, а трети со експлоатација или контрола на приходите. Токму преку оваа координација се создава систем што може да функционира без физичка централизација, но со целосна криминална ефикасност.

Причината за ова се должи на сложената и трансформативна природа на организираниот криминал, како и на различните методолошки пристапи кривичноправни, криминолошки, меѓународно правни во неговото опишување. Различните перспективи предизвикуваат фрагментирани дефиниции и воедно ограничувања во доследното третирање на оваа појава.

Правната нееднаквост при пристапот кон организираниот криминал придонесува и за отежнато правно регулирање и казнување на неговите појавни

[37] Анастасов, М. (2020). *Магистерски труд: Трговијата со луѓе во контекст на организираниот криминал*. ФОН Универзитет, стр. 11.
[38] Стојановска, А. (2014). *Криминолошка анализа на трговијата со луѓе*. стр. 293.

облици. Речиси во сите држави во последните децении е започнат процес на преиспитување на сопственото законодавство и институционалната практика во борбата против оваа закана[1]. Во таа насока, особено значајна е резолуцијата на Обединетите Нации, со која проблемот на организираниот криминал е поставен како глобален безбедносен предизвик на Министерската конференција одржана во Неапол во 1994 година. Таму беше усвоен и Глобалниот план за акција против организираниот транснационален криминал, кој ги истакна клучните елементи на овој феномен.

Според тој документ, организираниот криминал вклучува формирање на група составена од повеќе лица, обично со стабилна структура, хиерархија и континуирана активност, со цел остварување профит или контрола преку криминални средства. Основните негови карактеристики се употреба на насилство и закани, корупција, способност за инфилтрација во легалната економија, прекугранично делување и координација со други организирани структури. Ваквата дефиниција не се базира само на казнени правни елементи, туку и на социолошки и политички аспекти, што ја прави посоодветна за идентификување на заканите по државната и меѓународната стабилност.

Во продолжение, истиот Глобален план повикува на носење материјални и процесни мерки, меѓу кои се измена на казненото законодавство, создавање нови кривични дела поврзани со организиран криминал, како и зголемување на капацитетите за судско гонење и меѓународна соработка. Во делот на превенцијата, се предлагаат регулаторни механизми за перење пари, идентификација на сомнителни финансиски трансакции и ограничување на деловната тајна што често се користи за прикривање на криминално потекло на имотот. Истовремено, се потенцира важноста на подобрување на механизмите за екстрадиција, координација на истражни тимови и спроведување на заеднички акции.

Повеќето видови организиран криминал денес, вклучително и трговијата со луѓе, повеќе не функционираат како изолирани криминални појави, туку како дел од пошироки мрежи на координирана активност со економска, логистичка и институционална поддршка. Овие структури ги вмрежуваат криминалните ресурси на повеќе актери, и тоа преку договор и план, со цел исполнување на криминални

цели. Според проценитe на ОН, само трговијата со дрога и луѓе генерираат глобален обрт од над 500 милијарди долари годишно, што претставува директна закана за националните економии, политичкиот интегритет и јавната безбедност[39].

3.1.1. Правнодржавна рамка на организираниот криминал

Современата криминолошка мисла се понагласено го согледува организираниот криминал како суштински предизвик за правната држава. Тоа не е само проблем на криминално делување, туку системска закана за функционирањето на демократските институции, легитимноста на правниот поредок и довербата во општествениот договор. Доколку правната држава се дефинира преку владеење на правото, независност на институциите и еднаквост на граѓаните пред законот, тогаш организираниот криминал е антипод на тие вредности, бидејќи создава паралелни структури што поткопуваат сè што правната држава треба да штити.

Теоријата што го третира организираниот криминал како инхерентна опасност по правната држава посочува дека таму каде што криминалот е системски интегриран, тој станува главен регулатор на односите, наместо законскиот поредок. Организираните криминални структури го поткопуваат демократскиот легитимитет на државата преку корупција, насилство, инфилтрација во легални економски текови и политички структури. Таквото проникнување создава впечаток кај граѓаните дека правото нема капацитет да ги заштити, што резултира со опаѓање на општата доверба во институциите и засилување на социјалната фрагментација.

Особено сериозен е моментот кога државата не успева да се постави како легитимен и ефикасен носител на владеење на правото, туку покажува знаци на парализа во контролата на криминалот. Тогаш се создава ситуација во која граѓаните стануваат неми сведоци на легализација на криминалот преку политички елити или јавна администрација. Кога институциите толерираат или активно соработуваат со криминални мрежи, не само што се релативизира владеењето на

[39] Камбовски, В. (2005). *Организиран криминал*, 2-ри Август С, стр. 25-45

правото, туку се поткопува целокупната правнодржавна рамка како темел на демократското општество.

Еден од најдеструктивните ефекти на организираниот криминал врз правната држава е создавање на паралелни легитимитети, во кои криминалот станува инструмент за регулирање на економски и социјални односи. Овој криминалитет се маскира со правна фасада, користејќи легални канали за перење пари, влијание врз јавни набавки или корумпирање судии и обвинители. На тој начин, криминалот не само што ја загрозува правната држава, туку ја моделира според сопствените интереси, поставувајќи нови правила на легитимност што не произлегуваат од уставно-правниот поредок[40].

Социјалната дезорганизација што произлегува од овој процес дополнително се засилува со тоа што граѓаните ја губат мотивацијата да се вклучат во формалните институционални процеси. Тоа резултира со деморализација, апатија, па дури и отворено непријателство кон државните структури. Во вакви услови, криминалните групи стануваат носители на „правдата“ во заедниците, пружајќи „услуги“ што државата не може или не сака да ги даде. Така, криминалот ја презема функцијата на државата, што е најдраматичната форма на подривање на правниот поредок.

Правната држава не може да функционира во средина каде што законите не важат подеднакво за сите. Онаму каде што криминалните мрежи влијаат врз креирањето или спроведувањето на законите, демократијата станува фиктивна, а државата ја губи суштината на својата правна и морална основа. Затоа е неопходно не само да се зајакнат институциите на гонење и превенција, туку и да се воспостави етичка и политичка култура што не толерира никаква форма на соработка со организираниот криминал.

Во оваа смисла, организираниот криминал не треба да се третира само како криминолошка категорија, туку како индикатор за квалитетот на владеење на правото[41]. Тој е симбол на општествениот неуспех да се обезбеди фер, правична и

[40] Paoli, L. (2004). The Impact of Organized Crime on Democratic Governance. *Social Research*, 71(1), p. 23.
[41] Shelley, L. I. (1995). Transnational Organized Crime: An Imminent Threat to the Nation-State? *Journal of International Affairs*, 48(2), стр. 47-49.

транспарентна власт. Во држави каде што владеењето на правото не е само реторика, туку суштинска практика, организираниот криминал не може да опстојува. Таму каде што криминалот цвета, тоа значи дека правната држава не функционира, или уште пострашно, дека ја има изгубено својата автономија.



Слика 4. https://www.urbanlawnews.com/category/law/ (Превземено и пристапено на ден 17.03.2025).

3.1.2. Правната држава „против државата“

Кога организираниот криминал достигнува ниво во кое ја инфилтрира власта, економските системи и јавната администрација, настанува феномен што во современата правна теорија се означува како правна држава против сопствената државност. Овој парадокс се јавува кога формалните институции, кои треба да го штитат правниот поредок, почнуваат да функционираат како параван за интересите на криминалните структури. Наместо да бидат бастион на владеење на правото, тие стануваат средство за негово укинување одвнатре.

Во такви услови, правната држава не се соочува со класичен надворешен противник, туку со институционализиран отпор во сопствениот систем. Се создава облик на „заробена држава“, во која јавните институции работат во корист на

организирани интереси, при што државата де факто престанува да биде гарант на јавниот интерес. Ова го потврдува и Paoli, која во своето истражување укажува дека клиентелизмот, корупцијата и партизацијата на јавната администрација се алатки преку кои организираниот криминал го преобразува државниот апарат во свој ресурс[42].

Проблемот не е исклучиво во постоењето на криминални групи, туку во нивната способност да воспостават влијание во судството, полицијата, парламентот или другите столбови на уставниот поредок. Тоа води кон системска дискреција, при што одредени криминални активности се толерираат или дури прикриваат, додека правната рамка се применува селективно. Ова создава нова норма, во која правдата станува инструмент на нееднаквост, а правниот поредок се употребува за легитимирање на неправилностите.

Кога правната држава е присутна само како формална структура, а суштински е деактивирана, тогаш државата сама се претвора во генератор на криминал. Тука се гледа парадоксот: државата, која треба да го гони организираниот криминал, всушност го штити преку своите пропусти, неактивност или соучесништво. Според Shelley, токму во вакви ситуации настанува една нова форма на криминална државност, каде што границата помеѓу легалното и нелегалното се разлева, а државната моќ се пренасочува кон поддршка на структури што ја поткопуваат сопствената основа[43].

Правната држава што се соочува со ваков внатрешен антагонист мора да преземе системски промени, кои не подразбираат само донесување на нови закони, туку радикална трансформација на политичката култура, етичките стандарди и одговорноста на јавните службеници. Поткопувањето на државноста одвнатре е многу посложен и посуптилен процес отколку надворешната агресија. Тоа не може да се победи само со репресивни средства, туку бара долгорочна стратегија на институционална отпорност и изградба на автентичен јавен интегритет[44].

---

[42] Paoli, L. (2002). The paradoxes of organized crime. *Crime, Law & Social Change*, стр. 62-64.
[43] Shelley, L. I. (1995). Transnational Organized Crime: An Imminent Threat to the Nation-State? *Journal of International Affairs*, 48(2), стр. 50.
[44] UNODC. (2002). *Results of a pilot survey of forty selected organized criminal groups in sixteen countries*. Vienna: United Nations Office on Drugs and Crime, стр. 4.

Овој судир помеѓу правната држава и државата во служба на криминални интереси ја разоткрива вистинската длабочина на заканата од организираниот криминал. Не станува збор само за нарушување на јавниот ред и мир, туку за ерозија на самиот темел на модерната уставна демократија. Битката не се води повеќе само против криминалните актери, туку против криминализираните институции кои ја узурпираат функцијата на правната држава. Токму затоа, оваа борба бара не само правни, туку и морални, политички и културни ресурси, насочени кон враќање на државата во нејзината основна функција, заштита на правдата и општото добро.

3.2. Злосторничко здружување како самостојно кривично дело: етимолошки, феноменолошки и доктринален осврт

Злосторничкото здружување претставува една од најпрепознатливите и најконтроверзни форми на инкриминација во современото казнено право, бидејќи ја редефинира границата помеѓу подготовка на кривично дело и неговото извршување. За разлика од класичната доктрина според која казнивоста се врзува за конкретен чин со утврдена последица, кај злосторничкото здружување санкцијата се насочува кон самата организациска форма, односно врз намерата и капацитетот на групата да изврши сериозни кривични дела, без потреба да биде реализиран ниту еден од планираните акти[45].

Во македонскиот правен систем, оваа категорија е инкриминирана *во член 394 од Кривичниот законик,* каде се дефинира како „здружување заради извршување кривични дела“, при што се казнува само присуството или учеството во група, банда или здружение со ваква цел. Според формулацијата на законодавецот, потребни се најмалку три лица кои се организирале со намера за вршење на кривични дела, а за организаторот е предвидена повисока казна. Она што го издвојува овој институт е фактот што се работи за самостојно дело, кое постои дури и во отсуство на конкретно реализирано кривично дело од страна на здружението.

[45] Dworkin, R. (1986). *Law's Empire*. Cambridge, MA: Harvard University Press, стр. 276.

<u>Етимолошка и компаративна анализа</u>

Поимот „злосторничко здружување“ е правен конструкт што на лексикално ниво произлегува од латинското societas sceleris, односно „друштво на престапници“, што имплицира организациска цел насочена кон извршување тешки дела. Во германското право терминолошки се користи поимот Verbrecherbande, во француската правна традиција association de malfaiteurs, додека англосаксонското право оперира со концептот criminal conspiracy, кој е заснован на постоење на договор (agreement) меѓу двајца или повеќе сторители[46]. Иако во суштина блиски, овие правни поими се разликуваат според степенот на формалност, доказниот праг и структурата на самото здружение.

<u>Феноменологија и правна конструкција</u>

Во праксата, злосторничките здруженија можат да се појават во неколку основни форми: неформална банда, мрежна организација со хоризонтални врски или структура инфилтрирана во институции. Она што ги обединува е целта за остварување на кривични дела и постоењето на стабилен организациски облик. Македонскиот Кривичен законик не познава унифициран поим за „организиран криминал“, туку оперира со повеќе одделни инкриминации што се однесуваат на здружувања:

- *<u>Член 394 – Злосторничко здружување;</u>*

  Овој член претставува основната инкриминација што го дефинира делото злосторничко здружување како самостојна форма на криминалитет, одделно од конкретно извршено кривично дело. Тој вклучува три посебни ставови:

  Лицето што ќе создаде група или банда со цел вршење кривични дела за кои може да се изрече казна затвор од најмалку три години или потешка казна, подлежи на санкција со казна затвор од една до пет години.

  Припадник на таква група или банда, односно лице што ѝ се приклучило или дејствува во нејзин интерес, се казнува со затвор од три месеци до три години.

[46] Dworkin, R. (1986). *Law's Empire*. Cambridge, MA: Harvard University Press, стр. 279.

Припадник на група или банда кој пред да биде сторено некое кривично дело во нејзин состав или по нејзина наредба, ќе ја открие групата пред надлежните органи, се ослободува од казна.

- *Член 418 – Засновање ропски однос и превоз на лица во ропски однос*

  Овој член го криминализира секое стварање на лице во ропски или нему сличен однос, како и негово држење, продажба, купување, посредување во такви трансакции или поттикнување кон самопродажба на слободата. Воедно, предвидува санкции и за превоз на вакви лица од една во друга држава. Ако жртвата е малолетно лице, се пропишуваат значително повисоки казни.

- *Член 418-а – Трговија со луѓе*

  Овој член предвидува казнива одговорност за врбување, превоз, пренесување, прифаќање, засолнување или продажба на лица со цел нивна експлоатација, како што се проституција, порнографија, принудна работа, ропство и слично. Инкриминирани се и други поврзани дејствија како одземање лични документи, искористување на жртви за кои се знае дека се предмет на трговија, и учество на службени лица во извршувањето.

- *Член 418-б – Криумчарење на мигранти*

  Овој член санкционира дејствија насочени кон нелегално пренесување мигранти преку државната граница, како и поврзани дејствија како изработка и поседување лажни патни исправи. Тежината на делото се зголемува ако е придружено со злоупотреба, сурово постапување, или ако се работи за малолетно лице. Предвидени се и казни за службени лица што го извршиле делото.

- *Член 418-в – Организирање на група и поттикнување на извршување на делата од членовите 418-а, 418-б, 418-г и 418-д*

  Овој член ги опфаќа дејствијата на организирање, приклучување или помагање на група, банда или здружение со цел извршување на дела поврзани со трговијата со луѓе, трговијата со малолетници, криумчарењето мигранти и сродни кривични дела. Инкриминира и поттикнување и поддршка за извршување на овие дела, а предвидува и можност за

ослободување од казна за припадник кој ќе ја открие групата пред извршување на делото.

- *Член 418-г – Трговија со малолетно лице*

  Овој член предвидува засебна инкриминација за трговија со малолетни лица, вклучувајќи врбување, превоз, продажба или друга форма на експлоатација. Посебно тежок облик на делото постои доколку е извршено со присилба, закана или злоупотреба на положба. Вклучени се и дејствија како користење услуги од жртва за која се знае дека е малолетна, како и прикривање, уништување или одземање лични документ.

Сите овие инкриминации се засноваат врз концептот на дело на формација, каде само создавањето на организација со криминална намера е доволно за настанување на казнена одговорност, што во суштина го отстапува класичниот принцип на причинско-последична поврзаност[47].

Доктринален осврт и улоги во здружението

Во правната теорија, се прави дистинкција меѓу организатор, пристапник и член. Организаторот не е нужно оној што го основал здружението, туку и оној што ја одржува неговата функционалност, регрутира нови членови и управува со средствата. Пристапникот е оној што му се приклучил на здружението, дури и пасивно, додека обичниот член може да не извршил никакво дело, но доколку е утврдено неговото знаење за целта на групата, се смета за казниво лице.

И токму тука се јавува проблемот на објективизирана одговорност. Согласно со ставовите на Камбовски, ваквиот концепт лесно може да доведе до повреда на основниот принцип nulla poena sine culpa, бидејќи не се бара поединечен казнен придонес, туку се претпоставува вина од самото членство во структурата[48].

Правната пракса често ја проширува одговорноста на членовите на здружението и врз основа на кривични дела извршени од други членови. Така, доколку еден член на групата изврши дело што не било претходно конкретизирано, останатите можат да бидат опфатени со одговорност, што го поткопува принципот

[47] Камбовски, В. (2001). *Учество на повеќе лица во казненото дело: предавања на постдипломските студии по казнено право на Правниот факултет во Скопје во учебната 2001/2002 година*, стр. 232-241.
[48] Камбовски, В. (2009). *Казнено право – општ дел*. Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“, стр. 421.

на индивидуализација на вината. Овој модел создава простор за групна или „колективна вина“, што е сериозен предизвик од аспект на човековите права.

Особено значаен аспект се членот 418-в од Кривичниот законик, кој санкционира организирање група за извршување на дела од трговијата со луѓе, трговија со малолетници и криумчарење мигранти, што директно се надоврзува на концептот на злосторничко здружување. Дури и да не се реализира некое од делата наведени во членовите 418-а, 418-б, 418-г, самото учество во организациската структура со таква цел претставува самостојна кривична одговорност.

Во рамките на нормативната поставеност на злосторничкото здружување, од суштинско значење е да се има предвид и тоа дека самата дефиниција за „група“, „банда“ или „злосторничко здружение“ е веќе прецизирана од страна на законодавецот во општиот дел на Кривичниот законик, поточно во член 122 став 28, каде што јасно се вели:

„Под група, банда или друго злосторничко здружение или организација се подразбираат најмалку три лица кои се здружиле за вршење кривични дела, во кој број влегува и организаторот на здружението.“

Оваа дефиниција има фундаментална тежина во толкувањето и примената на член 394 и сродните инкриминации, бидејќи го утврдува минимумот на субјекти потребни за правно валиден поим на здружение и го вклучува организаторот како составен дел од бројот, а не како дополнителен или издвоен субјект. Со тоа, се прави разлика меѓу здружување од казнив вид и обично заедничко делување на две лица (двојно соизвршителство), што не претставува правен основ за инкриминација како злосторничко здружение.

Овој член има значење на нормативна врска помеѓу општиот дел на законикот и посебниот дел каде што се уредени инкриминираните дејствија, со што се обезбедува правна кохерентност. Тој служи како терминолошка, но и материјална поддршка за сите дела што бараат организирана структура, вклучително и трговијата со луѓе, перењето пари, криумчарењето мигранти и терористичките дејствија.

Освен тоа, преку оваа дефиниција се затвора потенцијалниот простор за произвол во судската пракса при утврдување дали одредено дејствие претставува

здружување или само соизвршителство. Уште поважно, преку вклучувањето на организаторот во минимумот од три лица, се елиминира можноста за „фиктивно“ организаторство, при што едно лице би се третирало како организатор на двочлено здружение, што правно не би можело да постои.

Оваа поставеност добива особено значење кога се анализира односот меѓу организираното здружување и специфичните дела поврзани со трговија со луѓе и мигранти, уредени во членовите 418-а до 418-г. Сите овие норми во својата суштина претпоставуваат или предвидуваат постоење на организирана форма, а член 122 став 28 служи како правна алатка за нивно разликување од спорадични, неструктурирани и изолирани случаи на кривично делување[49].

Поради тоа, членот 122 став 28 мора да се разгледува не само како помошна дефиниција, туку како нормативен столб на концептот на организирано криминално здружување, што ја засилува теоријата дека казнивоста може да се заснова не само на извршени последици, туку и на формализиран криминален потенцијал, присутен во самата организациска структура на здружението.

3.3. Примена на Законот за кривична постапка во случаи на трговија со луѓе како организиран криминал

Трговијата со луѓе, поради својата сложеност, транснационален карактер и поврзаност со структурирани криминални мрежи, претставува едно од најтешките кривични дела со кое се соочува современото општество. Нејзината природа бара примена на специфични истражни и доказни механизми, кои не можат да се регулираат исклучиво преку класичниот казнено-правен пристап, туку бараат и соодветно процесно прилагодување. Во правниот систем на Република Северна Македонија, овој приод е овозможен преку содржината на Законот за кривична постапка (ЗКП), кој во својата структура предвидува посебни механизми применливи во случаи на организиран криминал, особено кога станува збор за дела како што е трговијата со луѓе.

[49] Камбовски, В. (2016). Коментар на Кривичниот законик. Скопје: Матица, стр. 665.

Согласно ЗКП, организираниот криминал е предмет на засебен процесен третман, чија основа се темели на можноста за преземање таканаречени посебни истражни мерки. Во согласност со член 253 од ЗКП, овие мерки може да се применат кога постојат основани сомнежи дека е сторено кривично дело за кое е пропишана казна затвор од најмалку четири години, а делото е извршено од организирана група, банда или злосторничко здружение. Кривичните дела инкриминирани во членовите 418-а, 418-б и 418-г од Кривичниот законик (трговија со луѓе, трговија со малолетници, криумчарење мигранти) ги исполнуваат овие услови, со што трговијата со луѓе, како посебна форма на организиран криминал, е опфатена со овој процесен режим.

Посебните истражни мерки, наведени во член 252 од ЗКП, вклучуваат широк спектар на инструменти: следење и снимање на комуникации, тајно снимање и фотографирање, користење на лица со прикриен идентитет, симулирани откупи и симулирано давање поткуп, контролиран транспорт и испорака, отворање симулирани банкарски сметки и други. Овие методи имаат за цел да обезбедат доказен материјал во ситуации каде што конвенционалните процесни инструменти се недоволни или неупотребливи. Токму кај трговијата со луѓе, каде што мрежите функционираат тајно, комуникациите се шифрирани, а делата се децентрализирани, овие мерки претставуваат неопходен услов за успешна истрага.

Клучниот принцип што се провлекува низ целата регулатива е начелото на неопходност и пропорционалност. Според член 252 став 1, посебните истражни мерки може да се применат само ако постои веројатност дека со нив ќе се добијат докази што не можат да се прибават на друг начин. Ова значи дека државата мора да покаже дека веќе ги исцрпила останатите средства и дека примената на инвазивни мерки е последна инстанца. Исто така, овие мерки се подложни на строго судско одобрување и се применуваат во ограничен временски период, согласно членовите 256 и 262, за да се спречи нивна злоупотреба или продолжено повредување на приватноста на граѓаните.

Во специфичен контекст на трговијата со луѓе, важна е и можноста што ја предвидува член 255, односно примената на овие мерки и кога постои сомневање за подготвување на кривично дело. Со тоа се отвора пат за проактивна истрага –

следење на организирани групи уште во фазата на нивното формирање или планирање, со што се овозможува нивно навремено разобличување, пред да се случи експлоатација на жртви. Ваквиот пристап е особено значаен кај делата како трговијата со луѓе, каде што често единствено преку тајни набљудувања може да се идентификуваат локации на задржување, патишта на транспорт или канали на комуникација меѓу организаторите.

Член 263 од ЗКП дозволува проширување на примената на наредбите за посебни истражни мерки доколку при нивната извршување се откријат нови индиции за други кривични дела од истиот вид, што значи дека системот е доволно флексибилен за да се адаптира на динамиката на истрагата. Ова е суштинско кај мрежите за трговија со луѓе, бидејќи многу често се откриваат поврзани дејствија како перење пари, криумчарење мигранти, фалсификат документи или злоупотреба на службена положба, што исто така бара посебно процесно дејствување.

На крај, ЗКП предвидува и јасна процедура за известување на лицето против кое биле применети овие мерки, по нивното завршување, освен ако не постојат законски причини за одложување. Овој механизам на транспарентност е од особено значење за заштитата на човековите права и правото на ефективен правен лек, во согласност со членот 6 од Европската конвенција за човекови права[50].

Неговата вредност не се состои само во овозможување на тајни мерки, туку и во изградбата на балансиран систем кој го почитува начелото на владеење на правото.

3.4. Институционална рамка за спротивставување на трговијата со луѓе и организираниот криминал: надлежности, дејствување и нормативна интервенција

Борбата против трговијата со луѓе како тешка форма на организиран криминал не може да се води без кохерентен и функционален институционален систем, составен од органи на прогон, судски и разузнавачки структури, регулаторни тела, како и посебни механизми за заштита и рехабилитација на

[50] Закон за кривична постапка. *Службен весник на Република Северна Македонија*, бр. 150/2010, 100/2012, 142/2016, 198/2018, 150/2021.

жртвите. Во правниот систем на Република Северна Македонија, повеќе институции имаат експлицитна или координирана надлежност во справување со оваа појава, секоја од нив со специфични задачи и обврски во материјалното и процесното право.

3.4.1. Основно јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција (ОЈОГОКК)


Ова обвинителство има исклучива предметна и територијална надлежност да постапува во случаи каде што трговијата со луѓе се извршува како дел од организирано здружение, банда или транснационална мрежа. Надлежноста произлегува од Законот за јавното обвинителство и Законот за кривична постапка, каде што јавниот обвинител има овластување да води истрага, да издава наредби за посебни истражни мерки, да наредува привремени мерки за обезбедување имот, како и да координира меѓународна правна помош. Во конкретни случаи на трговија со луѓе, ОЈОГОКК често постапува заедно со специјализирани оддели од МВР, иницира меѓународни истраги, учествува во прекугранично прибирање докази и соработува со правосудни институции од странство преку Европската мрежа за судска соработка (Eurojust) и други правни инструменти[51].

3.4.2. Министерство за внатрешни работи

Како примарна извршна структура во областа на внатрешната безбедност, МВР преку Одделот за организиран криминал и Националната единица за борба против трговија со луѓе и криумчарење мигранти ја носи оперативната тежина во откривањето на кривични дела. МВР врши тајно следење, анализа на шеми, обезбедување дигитални докази и разоткривање на криминални канали. Одделот делува и преку единици за специјални истраги, криминалистичка техника и ИКТ следење на комуникации, особено во истрагите каде трговијата со луѓе е

[51] Закон за јавното обвинителство. *Службен весник на Република Северна Македонија*, бр. 150/2007, 111/2008, 145/2010, 95/2019.

посредувана преку интернет и дигитални платформи. Единицата е активна и во размена на податоци преку INTERPOL и SELEC[52].



Слика 4. https://arhiva.kurir.mk/makedonija/hronika/pri-obid-za-begstvo-od-policija-povreden-navivach-od-skopje/ (Превземено и пристапено на ден 20.03.2025).

3.4.3. Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција

Основана со Одлука на Владата во 2001 година, ова е координационо и стратешко тело со мандат да следи, анализира и предлага мерки за национална борба против трговијата со луѓе. Во нејзин состав влегуваат претставници од сите надлежни министерства, обвинителството, полицијата, како и претставници од невладиниот сектор и меѓународни организации. Комисијата формулира Национални акциски планови, иницира законски измени, предлага стандардизирани оперативни процедури и е надлежна за следење на исполнувањето на меѓународните обврски што државата ги презема во рамки на Европската унија и ОН. Нејзиниот Секретаријат има административна и

[52] Закон за полицијата. *Службен весник на Република Северна Македонија*, бр. 114/2006, 6/2009, 145/2012, 164/2013, 33/2015, 64/2018, 150/2021.

аналитичка функција, а во нејзини рамки функционира и Подгрупа за борба против трговија со деца[53].

3.4.4. Министерство за труд и социјална политика

Ова министерство е надлежно за Националниот механизам за упатување на жртвите на трговија со луѓе, преку кој се координираат сите активности поврзани со идентификација, згрижување, заштита и реинтеграција на жртвите. Механизмот вклучува мрежа од 27 центри за социјална работа со вработени правници, психолози и социјални работници, како и специјализирана Координативна канцеларија која следи и упатува секој случај кон соодветна институција. МТСП соработува со прифатилиштата, како што е домот управуван од „Отворена Порта“, каде се сместуваат и малолетни и возрасни жртви во посебни услови, со поддршка за рехабилитација и ресоцијализација[54].

3.4.5. Царинска управа

Царинската управа, во рамките на своите надлежности, учествува во откривање и спречување на трансгранично криумчарење лица и други поврзани дејствија кои често се поврзани со трговијата со луѓе. Посебните мобилни тимови и службеници на граничните премини се обучени да следат ризични пратки, сомнителни возила и невообичаено движење на лица. Царинската управа функционира и преку системот за анализа на ризик и тесно соработува со МВР и Обвинителството во заеднички операции[55].

[53] Одлука за формирање на Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција. *Службен весник на Република Македонија*, бр. 20/2001.
[54] Закон за социјална заштита. *Службен весник на Република Северна Македонија*, бр. 104/2019, 146/2020, 151/2021.
[55] Закон за Царинска служба. *Службен весник на Република Северна Македонија*, бр. 46/2005, 84/2007, 166/2012, 23/2016, 248/2018, 150/2021.

3.4.6. Правосудна академија – Академија за судии и јавни обвинители

Правосудната академија има улога во јакнење на капацитетите на судиите, обвинителите и истражните органи преку спроведување на континуирани обуки за идентификација, третман и судење на дела поврзани со трговија со луѓе. Обуките вклучуваат и теми како психолошка проценка на жртви, третман на сведоци, примена на посебни истражни мерки и применливост на меѓународното право во националните постапки[56].

3.4.7. Финансиска полиција и Управа за финансиско разузнавање

Овие органи имаат клучна улога во откривање на финансиските текови поврзани со трговијата со луѓе, перење пари и трансфери преку офшор зони. Финансиската полиција спроведува финансиски истраги, ги анализира трансакциите и ги идентификува фирмите и лицата поврзани со криминалните структури, додека Управата за финансиско разузнавање собира, обработува и доставува податоци до обвинителството[57].

3.5. Преглед на криминалните активности во Македонија поврзани со трговијата со луѓе

Анализата на криминалните активности поврзани со трговијата со луѓе во Република Северна Македонија покажува дека оваа форма на организиран криминал и понатаму претставува латентна, но сериозна закана за човековата безбедност, достоинството и владеењето на правото. Иако се работи за специфичен вид криминал кој ретко се пријавува и тешко се докажува, судската практика, полициските извештаи и статистичките податоци укажуваат на континуирано

[56] Закон за Академија за судии и јавни обвинители. *Службен весник на Република Северна Македонија*, бр. 42/2006, 142/2016, 198/2018, 153/2021.
[57] Закон за Финансиска полиција. *Службен весник на Република Македонија*, бр. 55/2002, 145/2010, 164/2013, 150/2021.

присуство на трговијата со луѓе, со посебен акцент на сексуална и трудова експлоатација.

Податоците од Државниот завод за статистика за 2023 година потврдуваат зголемена активност во категориите кои директно или индиректно ја засегаат трговијата со луѓе. Во делот на кривични дела против слободите и правата на луѓето и граѓаните се евидентирани 690 познати сторители, што претставува највисока бројка во споредба со останатите сродни категории. Дел од овие дела се однесуваат на трговија со луѓе, криумчарење, незаконско лишување од слобода и други форми на противправно влијание врз личната автономија. Во категоријата на кривични дела против сексуалната слобода и моралот, кои се тесно поврзани со сексуалната експлоатација како една од најчестите цели на трговијата со луѓе, евидентирани се 82 познати сторители, што е сериозен индикатор за присуство на експлоататорски обрасци на дејствување и рекрутинг на жртви за комерцијална злоупотреба.

Во категоријата на кривични дела против бракот, семејството и младината, каде што често се инкриминираат принудни бракови, злоупотреба на малолетници и врбување на деца за трговија со луѓе, се евидентирани 475 познати сторители. Овие податоци го потврдуваат наодот дека трговијата со луѓе не е изолирана криминална активност, туку е поврзана со други облици на семејно и сексуално насилство, злоупотреба на ранливи категории и економска експлоатација[58].

Истовремено, судската пракса во изминатите години потврдува присуство на организирани групи, со прецизна внатрешна структура, кои врбуваат жртви преку манипулација, лажни ветувања за вработување, или директна присила. Забележани се случаи во кои жртвите биле транспортирани низ неколку држави, при што Северна Македонија служела како транзитна или привремена дестинација. Во неколку предмети од Вишото јавно обвинителство во Скопје, документирани се ситуации во кои организаторите на групи користеле легални фасади како барови, агенции за работа во странство или туристички објекти, со цел прикривање на криминалната активност. Преку овие структури биле експлоатирани жени и

[58] https://www.stat.gov.mk/pdf/2024/2.1.24.17_mk.pdf (Превземено и пристапено на ден 12.03.2025).

малолетни лица, а во некои случаи биле инволвирани и државни службеници, што укажува на системска ранливост и потреба од меѓусекторска одговорност.

Значајна карактеристика на трговијата со луѓе во Македонија е и нејзината трансформација. Освен сексуалната експлоатација, која доминираше во раните 2000-ти, од 2012 година наваму се регистрира пораст на трудова експлоатација кај мажи, особено во градежниот сектор, земјоделството и услугите. Дел од овие жртви, вклучително и малолетници, биле подложени на нехумани услови за работа, без социјална заштита, без договори и со ограничен пристап до институции.

Невладиниот сектор во Шпанија, со повеќе организации кои имаат официјален статус на партнери на државата во борбата против трговијата со луѓе значително помага. Организации како APRAMP (Asociación para la Prevención, Reinserción y Atención a la Mujer Prostituida), Fundación Cruz Blanca, и ACCEM, имаат мрежа на засолништа, мобилни единици за поддршка и правни тимови кои работат директно со жртвите. Тие учествуваат и во обуки, кампањи за подигање на свеста, истражувања и предлагање на законодавни измени. Односот меѓу државата и граѓанскиот сектор е институционализиран и формализиран преку Спогодби за

соработка и заеднички проекти финансирани од Министерството за социјални права и Европскиот социјален фонд[76].

Фактор што го зајакнува системот е вградувањето на борбата против трговијата со луѓе во поширокиот контекст на заштита на човекови права, во согласност со Шпанската уставна јуриспруденција и обврските што произлегуваат од членството во Советот на Европа и Европската унија. Шпанија е членка на GRETA и редовно доставува извештаи за своите политики и практики, кои најчесто се оценети позитивно, со препораки за натамошно унапредување на механизмите за компензација и за идентификација на жртвите во секторот на домашна работа и скриени форми на експлоатација.

Шпанија претставува пример на држава со релативно високоразвиен и институционално интегриран систем за справување со трговијата со луѓе, базиран врз јасна законска рамка, стабилна судска практика, проактивна полициска работа и силно граѓанско општество. Преку систематскиот пристап, мултисекторска соработка и прилагодливи стратегии, се воспоставува модел што успева да одговори на разновидните и променливи форми на експлоатација што се јавуваат во современиот социоекономски контекст.

4.5. Холандија

Холандија претставува еден од најкомплексните, но воедно и најорганизирани примери на современ европски пристап во борбата против трговијата со луѓе. Како држава со развиена пазарна економија, толерантна јавна политика и висок степен на миграциска мобилност, Холандија уште од крајот на 1990-тите години започна со системска изградба на правна, институционална и превентивна рамка за справување со овој феномен. Она што ја издвојува од другите европски држави е нејзиниот инклузивен пристап, кој не се заснова исклучиво на казнена политика, туку и на стратегии за поддршка, ресоцијализација и елиминирање на структурните причини што овозможуваат експлоатација.

[76] Martínez García, J. (2016). *La explotación laboral en España: Un estudio sobre la trata de personas con fines de trabajo forzado*. Valencia: Tirant lo Blanch. стр. 241.

Во правната сфера, клучна одредба е член 273f од Кривичниот законик на Кралството Холандија (Wetboek van Strafrecht), кој ја инкриминира трговијата со луѓе на сеопфатен начин. Делото е дефинирано како регрутација, транспорт, трансфер, засолнување или прием на лице со цел експлоатација. Под експлоатација се подразбира сексуално искористување, принудна работа, органско донаторство и криминални активности. Предвидени се високи затворски казни, до 12 години, а во квалификувани форми и до 18 години. Она што е особено значајно во холандската регулатива е тоа што дозволува проширена интерпретација, при што не е потребно жртвата да е преместена од држава во држава, ниту пак да има директна корист од експлоатацијата – доволен е елементот на злоупотреба на ранливост и намера за експлоатација[77].

Холандија е една од ретките држави што има воспоставено национална функција на известувач – National Rapporteur on Trafficking in Human Beings, која функционира од 2000 година. Оваа независна институција има овластување да следи, анализира и известува за состојбите со трговијата со луѓе, без политичко влијание. Преку објавување годишни извештаи и препораки, известувачот има суштинска едукаторска, надзорна и корективна функција во рамките на холандскиот систем. Извештаите редовно се користат како основа за реформски интервенции, вклучително и за преработка на акциски планови и буџетирање на мерки за поддршка на жртвите.

Во поглед на миграциската политика, Холандија разви регулативен систем познат како „регулатива Б9“, кој овозможува престој на жртвите на трговија со луѓе, дури и кога тие немаат документи. По идентификација од страна на полицијата или невладини организации, лицето добива шестмесечна дозвола за престој и пристап до поддршка, вклучувајќи безбедно сместување, медицинска грижа, психолошка помош и правна заштита. Оваа дозвола може да биде продолжена, а во случаи кога жртвата придонела за судскиот процес, може да добие и траен престој. Суштинскиот придонес на оваа политика е дека ја става

[77] Bovenkerk, F., & van San, M. (2011). *Human trafficking in the Netherlands: Trends and recent developments*. Amsterdam: Amsterdam University Press. стр. 256.

заштитата на човековото достоинство над процесните интереси, со што жртвите се охрабруваат да соработуваат со државните органи без страв од репресија[78].

Холандија има и национална единица за истражување и гонење на трговија со луѓе во рамките на Националната полиција, која тесно соработува со обвинителството, Министерството за правда и царинската служба. Полицијата има обврска да води посебна евиденција за сите случаи на експлоатација, со стандардизирани процедури за препознавање на индикатори. Истражните тимови вклучуваат и специјализирани психолози, социјални работници и толкувачи, со цел овозможување на хумана и ефективна комуникација со жртвите. Процедурите се дигитализирани, што овозможува брза и навремена координација меѓу различните органи, како и анализа на трендови и ризични подрачја.

Што се однесува до превенцијата, Холандија има спроведено низа кампањи насочени кон информирање на јавноста, особено ранливите групи, како странски работници, бегалци и малолетници без придружба. Преку иницијативи во училиштата, кампањи на јавниот транспорт, онлајн ресурси и соработка со верски и етнички заедници, државата создава широк фронт на отпор против експлоатацијата, што резултира со зголемена свест и рано препознавање на опасноста. Посебен акцент се става на експлоатацијата во „невидливиот сектор“ вклучувајќи домашна работа, дигитална проституција и принудно просење, кои не се лесно забележливи од страна на јавноста и институциите.

Холандија има развиено и модел на јавно-приватно партнерство, особено во секторот на јавни набавки и градежништво. Секој економски субјект кој аплицира за јавен тендер мора да покаже докази за етички синџири на снабдување, што значи дека не учествува во практики на трудова експлоатација. Министерството за социјални работи и труд ја врши контролата и има овластувања да изрече забрани и глоби. Во тој контекст, Холандија спроведува мониторинг на компании што користат нископлатена странска работна сила, со цел спречување на т.н. „современо ропство во индустриски контекст“.

[78] Kleemans, E. R. (2017). *Organized crime, human trafficking, and the effectiveness of anti-trafficking policies in the Netherlands*. European Journal on Criminal Policy and Research, стр. 241–256.

Судската практика во Холандија е богата и конзистентна. Казните се ефективни и не се симболични. Судовите во повеќе наврати донеле пресуди кои ја прошируваат дефиницијата на експлоатација и ги санкционираат дури и индиректните форми на принуда. Жртвите имаат право на обештетување од сторителите, како и на учество во постапката преку специјализирани правни застапници. Судиите добиваат посебна обука за третман на случаи поврзани со трговија со луѓе, што придонесува за доследна примена на правните стандарди[79].

Граѓанското општество во Холандија е високофункционално и директно вклучено во државната стратегија. Организации како Comensha (координациски центар за жртви), La Strada Netherlands, FairWork и CoMensha, учествуваат во проценки на политики, подготовка на извештаи за GRETA, организирање на програми за ресоцијализација, вклучително социјално домување и пристап до образование. Нивната улога е формализирана, со годишни спогодби и транспарентно финансирање од државниот буџет[80].

Овој успех не произлегува само од правната прецизност, туку од холистичкиот пристап што ја става жртвата во фокусот на секоја политика. Преку спојување на правната строгост, институционалната координација, граѓанското учество и превентивната култура, Холандија демонстрира дека трговијата со луѓе не е само безбедносен, туку пред сè цивилизациски проблем, кој бара одговор што ќе ги интегрира правото, правдата и човечкото достоинство.

[79] Van Dijk, J., & Klerks, P. (2007). *Trafficking in human beings: Ten years of independent monitoring by the Dutch National Rapporteur*. The Hague: BNRM. стр. 198.
[80] Siegel, D. (2011). *Human trafficking and legalized prostitution in the Netherlands*. Temida, стр. 5–16.

ГЛАВА 5. ЈУРИСДИКЦИЈА, ДОКТРИНА И РЕЛЕВАНТНА ЈУРИСПРУДЕНЦИЈА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО ОДНОС НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ

5.1. Член 4 од Европската конвенција за човекови права – Забрана на ропство и принудна работа

Јуриспруденцијата на ЕСЧП во однос на трговијата со луѓе се темели врз нормативната структура на членот 4 од Европската конвенција за човекови права ЕКЧП, кој експлицитно ја забранува секоја форма на ропство, ропска зависност и принудна работа. Конвенцискиот текст дава прецизна правна дефиниција што го исклучува од опфатот одредени облици на работа кои се во согласност со јавниот интерес или законски обврски. Меѓутоа, токму преку доктриналната интерпретација на член 4 и неговите процесни и материјални аспекти, ЕСЧП воспостави јасен стандард на позитивни обврски за државите, кои се однесуваат не само на забраната per se, туку и на нивната должност да спречат, идентификуваат, санкционираат и обезбедат заштита на жртвите на трговија со луѓе.

5.2. Доктринален развој и применливост на член 4 од ЕКЧП

ЕСЧП доследно утврдува дека член 4 од Конвенцијата содржи негативни обврски (државата да не биде директен сторител на забранетите дејства) и позитивни обврски (државата да превземе конкретни мерки за заштита од ваквите дејства од страна на приватни лица)[81]. Судот разликува два правни аспекти: прво, обврска за усвојување на соодветна законска и институционална рамка; и второ, обврска за оперативно постапување – откривање, ефикасна истрага, гонење и санкционирање на сторителите, како и обезбедување ефективна заштита на жртвите. Со тоа, Судот ја проширува традиционалната поимна рамка на „принудна работа“ и „ропство“ во контекст на современите форми на експлоатација. Правилото 41 од Судскиот деловник дава можност за давање приоритет на

[81] https://www.echr.coe.int/documents/d/echr/convention_MKD *(Превземено и пристапено на ден 02.04.2025).*

предмети кои вклучуваат повреда на членот 4, особено кога се работи за жртви на трговија со луѓе. Воедно, Правилото 47 овозможува анонимизирање на апликантите – жртви, доколку се докаже ризик за нивната безбедност или интегритет. Со тоа, ЕСЧП демонстрира сензитивност во третманот на вакви апликации, обезбедувајќи процесна флексибилност и заштита на личните податоци.

5.3. Релевантна судска практика на ЕСЧП

ЕСЧП има развиено богата практика која го конкретизира применливото право и ги прецизира обврските на државите. Следните случаи претставуваат пресудни моменти во развојот на правото на забрана на трговијата со луѓе.



Слика 6. https://humantraffickingsearch.org/resource/the-international-legal-definition-of-trafficking-in-persons-consolidation-of-research-findings-and-reflection-on-issues-raised/ (Превземено и пристапено на ден 02.04.2025).

5.3.1. Case of Rantsev v. Cyprus and Russia (Appl. no. 25965/04)

Овој предмет претставува пресвртна точка во развојот на праксата на Европскиот суд за човекови права во контекст на трговијата со луѓе и ја утврди основата за концептуализација на членот 4 од ЕКЧП во транснационален контекст. Апликацијата беше поднесена од таткото на жртвата – руска државјанка, која била регрутирана под лажно ветување за работа како артистка во Кипар, но всушност завршила во услови на сексуална експлоатација. Нејзината смрт, под неразјаснети околности, отвори прашања во врска со одговорноста на двете држави – Руската Федерација (како држава на потекло) и Кипар (како држава на дестинација).

Судот ја утврди одговорноста на Кипар, затоа што властите не успеале да ги идентификуваат индикаторите на трговијата со луѓе, ја вратиле жртвата во рацете на лицата што ја експлоатирале и не преземале итни мерки за нејзина заштита. Во однос на Русија, Судот утврди дека властите не преземале никаков чекор за истрага или спречување на регрутацијата на жртвата. Со ова, Судот ја прошири јурисдикцијата од членот 1 на Конвенцијата и ја утврди транснационалната обврска на државите да соработуваат при истраги, дури и кога конкретното дело се случило на територија на друга држава.

Оваа пресуда првпат го вгради поимот „третман еквивалентен на ропство“ во правниот дискурс на Конвенцијата, и го дефинираше стандардот на позитивна обврска: постоење на правна рамка, превенција, идентификација на жртви и ефективна истрага, без оглед дали жртвата е државјанин на државата или не. Rantsev v. Cyprus and Russia претставува еден од најуниверзално применливите преседани во сферата на заштитата на жртвите на трговија со луѓе[82].

5.3.2. Case of T.I. and Others v. Greece (Appl. no. 40311/10)

Овој предмет третира случаи на жртви на сексуална експлоатација во Грција, кои пријавиле трговија со луѓе, но не добиле соодветна правна заштита.

[82] https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22itemid%22:[%22001-96549%22]} *(Превземено и пристапено на ден 04.04.2025).*

Апликантите биле идентификувани како жртви, но и покрај тоа, правосудните органи постапувале бавно и неефикасно. Постапките траеле меѓу 7 и 15 години, а Судот утврди дека ова претставува прекршување на процесната обврска на државата од членот 4.

Особено е важно што Судот констатира институционален пропуст во случај кога меѓу обвинетите имало и државни службеници, што барало уште поголема ажурност и итност од страна на државните органи. Судот забележа дека биле потребни 9 месеци за отпочнување на истрагата по пријавата, а уште 2 години и 7 месеци за предавање на предметот до обвинител. Ваквото однесување беше оценето како несоодветно за сериозноста на делото и неспроведување на „ефективна, брза и транспарентна“ истрага[83].

Овој случај го нагласи значењето на проактивната улога на државата, особено кога се инволвирани лица во позиција на власт, и уште еднаш потврди дека позитивните обврски од член 4 не се задоволени само со постоење на закон, туку со негова конкретна примена.

5.3.3. Case of S.M. v. Croatia (Appl. no. 60561/14, Grand Chamber)

Големата комора на Судот во овој предмет анализираше дали државата ја исполнила својата обврска за истрага на тврдењата за присилна проституција. Иако хрватското законодавство овозможувало санкционирање на такви дела, властите не презеле сите неопходни чекори за обезбедување докази. Судот утврди дека државата не ја активирала својата истражна обврска согласно процесниот аспект на членот 4, што резултирало со прекршување.

Особено значајна е правната анализа на влијанието на траумата врз капацитетот на жртвата да даде јасен и конзистентен исказ. Судот го критикуваше националниот суд што ја отфрлил изјавата на апликантката како „неконзистентна“, без да спроведе психолошка експертиза или да оцени дали нејзината двоумливост била последица од траума. Ова претставува новитет во интерпретацијата на процесните права на жртвите, бидејќи Судот не се задоволи со формална проценка

[83] https://hudoc.echr.coe.int/tur#{%22itemid%22:[%22002-12558%22]} *(Превземено и пристапено на ден 05.04.2025).*

на исказите, туку бараше нивна оценка во контекст на психолошката состојба на жртвата[84].

Пресудата потврди дека сексуалната експлоатација во отсуство на формална трговија со луѓе, кога се придружена со злоупотреба на ранливост и присила, може да биде предмет на член 4. Така се зацврсти широкиот материјален опсег на заштита што го нуди Конвенцијата.

5.3.4. Case of L.E. v. Greece (Appl. no. 71545/12)

Во овој предмет, ЕСЧП утврди повреда на членот 4 заедно со членот 6 став 1 од ЕКЧП, поради сериозни институционални пропусти во однос на времето на признавање и третман на жртвата. Иако апликантката била жртва на сексуална експлоатација и подоцна официјално била призната како жртва, Судот забележа дека од поднесување на пријавата до признавањето на статусот поминале повеќе од 9 месеци, што е спротивно на стандардите за итност.

Во однос на членот 6, Судот утврди повреда на правото на судење во разумен рок, бидејќи претходната истрага и судската постапка траеле непропорционално долго. Иако грчкото законодавство било усогласено со меѓународните стандарди, тоа не било применето на соодветен начин. Судот го потенцираше парадоксот: формално постои легислативен систем, но неговата ефективност е занемарена, што претставува скриена форма на дискриминација кон жртвите.

Пресудата ја потврди важноста на синергијата меѓу материјалната и процесната заштита, нагласувајќи дека позитивната обврска вклучува не само препознавање на жртвата, туку и активна, континуирана правна поддршка преку сите фази на постапката[85].

[84] https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22itemid%22:[%22002-12022%22]} *(Превземено и пристапено на ден 05.04.2025).*
[85] https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22itemid%22:[%22002-11012%22]} *(Превземено и пристапено на ден 06.04.2025).*

5.3.5. Case of Chowdury and Others v. Greece (Appl. no. 21884/15)

Овој предмет се однесуваше на група странски работници, експлоатирани во секторот на земјоделство во Грција, без исплата, под вооружен надзор и во тешки услови. Судот утврди дека овие дејства преставуваат принудна работа во смисла на членот 4 став 2 од ЕКЧП, иако не станувало збор за сексуална експлоатација. Со ова, Судот официјално ја прошири примената на член 4 на трудова експлоатација, што е особено значајно за унапредување на заштитата во случаи што произлегуваат од економска миграција.

Иако властите биле запознаени со ситуацијата, и постоеле извештаи на Народниот правобранител, парламентот и полициски службеници, тие не презеле конкретни мерки за спречување или санкционирање. ЕСЧП утврди дека Грција не исполнила своите позитивни обврски, ниту превентивно, ниту репресивно. Судот нагласи дека државите мораат да преземат проактивни мерки при сознание за експлоатација, дури и кога нема формална пријава од жртвите.

Оваа пресуда ја потврди позицијата дека експлоатацијата на трудот во индустриски или земјоделски контекст, кога вклучува елементи на присила, контролирање и неисплата, е интегрален дел на современото ропство и спаѓа под забраната од членот 4.

Правната анализа покажува дека секоја држава што пропушта да постапи во согласност со овие обврски, се изложува на одговорност пред ЕСЧП. Ова има посебна тежина во случаи на трговија со луѓе, каде што жртвите се најчесто ранливи лица, често без правна заштита, документи или средства. ЕСЧП, преку својата практика, ги утврди границите на толеранција на државна пасивност и постави јасен стандард за правна, институционална и процесна реакција, кој станува модел за судската практика во Европа[86].

[86] https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22itemid%22:[%22002-11581%22]} *(Превземено и пристапено на ден 07.04.2025).*

ГЛАВА 6. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

6.1. Формулација на проблемот

Во современиот глобализиран контекст, трговијата со луѓе претставува едно од најсложените и најтешко откриени кривични дела, кое ја поткопува човековата слобода и достоинство. Во рамките на Република Северна Македонија, овој феномен се јавува како дел од поширокиот организиран криминал, со карактеристики на транснационалност, структурираност и повторливост. Сепак, и покрај постоењето на меѓународни обврски, национална регулатива и институционални механизми за превенција и репресија, праксата покажува значителни слабости во идентификацијата на жртвите, кривичното гонење на сторителите и заштитата на особено ранливите категории, особено децата.

Формулацијата на проблемот произлегува од потребата за суштинска анализа на правната, институционалната и судската поставеност во справувањето со трговијата со луѓе како организиран криминал во Северна Македонија. Имајќи ја предвид компаративната рамка со неколку европски држави, како и прегледот на релевантната судска практика на Европскиот суд за човекови права, се идентификуваат структурни и практични недостатоци во процесот на спротивставување на трговијата со луѓе.

Во таа насока, проблемот кој се истражува во овој труд е: До кој степен правниот систем и институциите во Република Северна Македонија обезбедуваат ефикасен одговор на трговијата со луѓе, особено во однос на децата жртви, и дали постојните механизми овозможуваат целосна заштита на нивните права во согласност со меѓународните стандарди и обврски?

Проблемот дополнително се усложнува со недоволната хармонизација помеѓу законодавството и практиката, како и со потребата за поефикасна координација меѓу институциите. Оттаму, анализата во овој труд се фокусира на проверка на хипотезата дека, и покрај нормативната поставеност, постои отстапување во имплементацијата на гарантираните права на жртвите, особено во судските постапки и односот на обвинителството. Сето тоа укажува на неопходноста од

интегриран пристап кон овој проблем, кој би го поврзал правното регулирање, судската пракса, институционалната ефективност и практичната заштита на жртвите.

6.2. Определување на предметот на истражувањето

Истражувањето се насочува кон испитување на правната рамка, функционирањето на институциите, примената на кривичната постапка и имплементацијата на меѓународните стандарди во заштитата на жртвите, при што посебно внимание се посветува на децата жртви и нивната процесна положба.

Со оглед на тоа, предметот се развива во повеќе насоки. Се идентификуваат и разработуваат домашните и меѓународните извори кои го регулираат кривичното гонење и превенцијата на трговијата со луѓе, вклучително и релевантната судска практика на Европскиот суд за човекови права. Анализата ги опфаќа механизмите на координација и дејствување на надлежните институции во Република Северна Македонија, како што се Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција, Министерството за внатрешни работи, Националната комисија, судовите и другите актери вклучени во спротивставување на овој феномен.

Предметот на истражувањето ја вклучува и криминалистичката и судска анализа на конкретни предмети и пресуди, при што се испитуваат практичните аспекти во постапувањето со жртвите, особено децата, употребата на посебни истражни мерки, истражни техники, тактики и методи на прибирање докази, како и слабостите во истрагата и кривичното гонење. Истражувањето ја разгледува и казнената политика на судовите во делата поврзани со трговијата со луѓе, со акцент врз нејзината ефективност и усогласеност со меѓународните препораки.

Со тоа, предметот не е ограничен само на законодавниот аспект, туку опфаќа и функционална анализа на спроведувањето на правните норми во судската пракса и реалниот институционален одговор. Целта е да се прикаже дали и во кој степен постојните правни и институционални механизми обезбедуваат ефикасна заштита на жртвите, санкционирање на сторителите и превенција на трговијата со луѓе,

како и дали постојат системски недостатоци што го попречуваат остварувањето на овие цели.

6.3. Теоретско одредување на предметот

Овој приод овозможува разбирање на трговијата со луѓе не само како поединечно казниво дело, туку како составен дел од широка структура на организиран криминал, со последици врз безбедноста, правдата и човековите права.

Во оваа смисла, теоретската рамка се заснова на неколку основни постулати. Најнапред, трговијата со луѓе се разгледува како акт кој се спротивставува на достоинството и слободата на човекот, па оттаму и на фундаменталните вредности што ги штитат меѓународните документи – како Протоколот од Палермо, Европската конвенција за човекови права и Конвенцијата на Советот на Европа за дејствување против трговијата со луѓе. Теоретската поставеност, во тој контекст, се надоврзува на правната дефиниција на трговијата со луѓе, но оди и подлабоко, кон разбирање на нејзините социјални, економски и безбедносни аспекти.

Понатаму, истражувањето се потпира на криминолошки теории за организираниот криминал, мрежна криминалистика и виктимолошка анализа, кои овозможуваат посеопфатно согледување на механизмите преку кои трговијата со луѓе се организира, структурира и прикрива. Притоа, важен дел од теоретскиот приод претставуваат и концептите за злоупотреба на ранливоста, принуда, контрола и економска експлоатација, кои се суштински за разбирање на динамиката на односите помеѓу сторителите и жртвите, особено кога станува збор за деца.

Во правната димензија, теоретската рамка се потпира на анализа на кривичното право, кривичната постапка и човековите права, при што посебно значење има толкувањето и примената на нормите од страна на Европскиот суд за човекови права. Преку детална анализа на судска практика, теоријата се преточува во практично правно расветлување на прашањата поврзани со јурисдикцијата, заштитата на жртвите, фер постапката и обврските на државата.

Овој теоретски приод овозможува да се изгради рамка која ги поврзува националните законски решенија со меѓународните стандарди, со цел да се утврди дали постои усогласеност, каде се јавуваат празнини или противречности, и кои се можните насоки за унапредување на правната и институционалната практика. Затоа, истражувањето не е ограничено на анализа на норми, туку тежнее кон целосна правна и општествена контекстуализација на трговијата со луѓе, поставена на строго академски темели.

6.4. Појмовно-категоријален апарат

Во рамките на ова истражување, појмовно-категоријалниот апарат претставува систематизирана поставеност на клучните термини и концепти кои се суштински за разбирање и анализа на трговијата со луѓе како криминално-правен и општествен феномен. Овој апарат служи за да се овозможи јасно поимно разграничување, семантичка прецизност и концептуална конзистентност низ целото истражување.

Најнапред, централниот поим „трговија со луѓе“ е определен не само преку законски дефиниции, туку и во рамки на теориите што се занимаваат со експлоатација, злоупотреба на ранливост и систематско ограничување на слободата. Во овој контекст, се разликуваат неколку категории: трговија со возрасни, трговија со дете, трудова експлоатација, сексуална експлоатација, присилна работа и присилна проституција. За секоја од овие категории постои конкретен критериум на разликување, кој ќе биде применет при анализа на судските постапки и институционалниот одговор.

Понатаму, поимот „организиран криминал“ е применет како втора суштинска категорија, кој се дефинира преку повеќе параметри: хоризонтална и вертикална структура на криминалната група, постоење на стабилна хиерархија, распределба на функции, меѓународна поврзаност, и користење на корупција, закани или насилство. Сите овие елементи се операционализираат во контекст на анализираните предмети, при што се прави разграничување помеѓу „злосторничко здружување“ и „транснационален организиран криминал“.

Терминот „жртва“, како поим со силна правна и виктимолошка тежина, е третирана категорија, при што посебно се издвојува концептот на „особено ранлива жртва“, кој вклучува деца, лица со попреченост, жртви на повторувано насилство и лица во социјално маргинализирана положба. Концептот „сензитивен пристап“ и „процесна заштита“ се вклучени како дополнителни категории, кои служат за анализа на третманот што жртвите го добиваат во судските постапки.

Понатаму, поимите како „јавен обвинител“, „правосудна пракса“, „фер судење“ и „второстепена пресуда“ се разгледуваат низ процесна призма, со цел да се овозможи структурирана анализа на дејствијата, надлежностите и пропустите на надлежните институции. Посебно внимание е посветено на терминте поврзани со институционалниот капацитет: „ОЈО за гонење организиран криминал и корупција“, „Национална комисија за борба против трговијата со луѓе“, „психо-социјална поддршка“ и „видеоконференциско испитување“, кои имаат важна улога при толкување на применетите или пропуштените механизми на заштита.

Конечно, категориите како „процесна неправилност“, „казнена политика“, „условна осуда“ и „преиначување на првостепена пресуда“ се клучни за анализата на конкретните пресуди. Тие овозможуваат оценка на конзистентноста на казнувањето, степенот на правна сигурност и степенот на исполнетост на обврските што државата ги има кон жртвите според меѓународното право.

Преку внимателна селекција и операционализација на поимите, овој апарат служи како неопходен инструмент за научна систематизација, правна анализа и конструкција на аргументи во текот на целокупната истражувачка постапка.

6.5. Операционално определување на предметот

Операционалното определување на предметот на истражувањето подразбира негова конкретна редукција во истражувачки мерливи и анализирачки параметри, така што ќе може да биде подложен на систематска теоретска обработка и правна анализа. Ваквото прецизирање е неопходно бидејќи концептот „трговија со луѓе“ опфаќа широка лепеза на појавни облици, форми на експлоатација и вклучени актери, а предметот на ова истражување е фокусиран на криминално-правната и

институционалната димензија на појавата, во контекст на организираниот криминал во Република Северна Македонија.

Со оглед на сложеноста и хетерогеноста на феноменот, истражувањето се концентрира врз неколку клучни аспекти. Најпрво, предмет на анализа се нормативните одредби од Кривичниот законик, Законот за кривична постапка и поврзаната подзаконска и судска практика што ја дефинира трговијата со луѓе. Истовремено, се анализираат институционалните механизми и органите овластени за откривање, гонење и пресудување на овие кривични дела, со особен акцент на специјализираните обвинителства, судските совети и службите за заштита на жртвите.

Предметот е понатаму операционализиран преку анализа на конкретни судски пресуди, кои овозможуваат увид во примената на материјалното и процесното право, односот кон жртвите, како и ефикасноста на институционалниот одговор. Во фокусот се студиите на случај, кои се избрани врз основа на нивниот репрезентативен карактер, судската завршница и достапноста на информации. Овие случаи претставуваат емпириска основа за правната анализа и за формулирање на согледувањата за системските предизвици и потребата од реформски пристап.

Предметот е операционализиран и во смисла на компаративен пристап, со што се овозможува вреднување на националната правна рамка во однос на моделите и праксата на неколку европски држави. Оваа компонента служи како алатка за истакнување на концептуалните, институционалните и судските слабости, преку нивно споредување со воспоставени стандарди и добри практики.

Како дополнителна линија на операционализација, особено е значајна интеграцијата на практиката на Европскиот суд за човекови права. Со идентификација на релевантни случаи како Rantsev v. Cyprus and Russia, S.M. v. Croatia и други, предметот на истражување се поставува во поширока правна рамка на обврски што произлегуваат од член 4 од ЕКЧП. Така, истражувањето не само што ги следи националните текови, туку ги вградува и принципите на интернационалното човеково право во анализата.

Преку ваква операционализација се овозможува да се задржи потребната прецизност, доследност и аналитичка длабочина во третманот на темата, без да се

изгуби поширокиот нормативен и институционален контекст во кој се поставува трговијата со луѓе како дел од организираниот криминал.

6.5.1. Временско одредување на истражувањето

Во рамките на овој труд, анализата е насочена кон временскиот интервал што ги опфаќа последните десет години, при што како најзначаен фокус е избран периодот од 2015 до 2024 година. Овој избор произлегува од фактот дека во овој временски опсег се случија значајни нормативни, институционални и судски промени поврзани со борбата против трговијата со луѓе, како и јасно идентификувани случаи на организиран криминал кои се пресудени од страна на домашните судови, а некои од нив се процесирани и пред меѓународни тела.

Периодот по 2015 година се карактеризира со зголемено внимание од страна на државните институции и меѓународната заедница, особено поради заклучоците и препораките содржани во извештаите на ГРЕТА, Европската комисија, како и во годишните извештаи на Стејт департментот на САД. Во рамките на овој десетгодишен период се случија неколку важни судски постапки во кои беа вклучени жртви на трговија со луѓе, особено деца, како што е случајот од 2024 година со 13 обвинети лица пресудени за трговија со дете, полов напад и производство на детска порнографија. Ваквите случаи овозможуваат реална проценка на примената на домашните закони и практичната заштита на жртвите во контекстот на организираниот криминал.

Избраната временска рамка овозможува анализа на стабилни податоци, правосилни пресуди и веќе воспоставени институционални модели на дејствување. Таа истовремено овозможува да се детектираат и трендови во санкционирањето, измените во казнената политика, развојот на механизмите за заштита на жртвите, како и начинот на примена на меѓународните стандарди во домашниот правен поредок.

Со цел да се избегне генерализација и нормативна апстракција, избрани се конкретни извори и документи кои се однесуваат токму на наведениот период, а кои обезбедуваат аналитичка и емпириска заснованост.

6.5.2. Просторно определување на истражувањето

Просторното определување на истражувањето претставува важен елемент за лоцирање на предметот во конкретен географски, институционален и правен контекст. Истражувањето е првенствено насочено кон Република Северна Македонија како носечка рамка за анализа, при што се разгледуваат и применливите национални законски решенија, институционалната инфраструктура за борба против трговијата со луѓе и конкретни кривичноправни постапки кои произлегуваат од македонската судска практика. Истражувањето ја обединува нормативната, институционалната и судската перспектива, со особен фокус на третманот на жртвите во судските постапки, кривичноправната квалификација на делата и улогата на органите на прогон и судовите.

Во рамки на истото, Република Северна Македонија се анализира и преку студии на случај кои ја одразуваат сложеноста на феноменот на трговијата со луѓе во домашен контекст, како и институционалните одговори на предмети со висока чувствителност, особено кога станува збор за деца-жртви. Просторната определеност, во тој контекст, не е ограничена единствено на територијалната надлежност на судовите и органите на гонење, туку опфаќа и нивната реална функционалност и степен на ефективност.

Покрај националната рамка, во трудот е инкорпориран и компаративен пристап, кој опфаќа анализа на правниот и институционалниот систем на пет европски држави: Норвешка, Италија, Русија, Шпанија и Холандија. Изборот на овие држави е резултат на повеќекритериумски пристап: нормативна уреденост, разновидност на правни системи (континентален и нордиски модел), различна положба во извештаите на меѓународни тела (како што се ГРЕТА, УНХЦР и Стејт департментот), како и различен степен на ефективност при спротивставување на организираниот криминал поврзан со трговијата со луѓе. Преку споредбата со овие држави се добива поширока слика за добрите практики, системските недостатоци и можните патеки за унапредување на националниот систем.

Конечно, просторното одредување на истражувањето се проширува и со вклучување на правната јурисдикција на Европскиот суд за човекови права. Преку

анализа на релевантната јуриспруденција на ЕСЧП, се согледуваат транснационалните обврски на државите членки на Советот на Европа, како и судските стандарди кои произлегуваат од толкувањето на член 4 од Европската конвенција за човекови права. Таквиот пристап овозможува да се идентификуваат не само нормативни разлики, туку и прашања од правно-доктринален и практичен карактер кои се однесуваат на заштитата на жртвите и кривично-правната реакција.

6.5.3. Дисциплинарно определување на истражувањето

Основната дисциплина од која произлегува истражувачката рамка е казненото право, конкретно кривичната материја која го уредува гонењето на организиран криминал, трговија со луѓе и сродни кривични дела. Анализата на казнената политика, судската пракса и законодавните решенија претставува клучна алатка во расветлување на третманот на трговијата со луѓе како комплексен криминален феномен.

Покрај тоа, се применуваат принципите на криминалистиката заради утврдување на начините на извршување на кривичните дела, методите на истрага и идентификација на слабости во институционалната реакција. Преку концептите на човекови права се проценува третманот на жртвите, со особен акцент врз ранливите категории како што се деца, жени и мигранти. Од аспект на меѓународното право, истражувањето ги вклучува релевантните правни инструменти на Обединетите нации, Европската унија и Советот на Европа, во насока на оценка на нивната имплементација во домашниот правен систем.

Ова дисциплинарно позиционирање овозможува холистички пристап во разбирањето и интерпретацијата на предметот на истражувањето, вклучувајќи ја и проценката на ефективноста на институциите, правната заштита на жртвите и степенот на усогласеност со меѓународните стандарди.

6.6. Цели на истражувањето

Основната цел на истражувањето е да се согледа степенот на усогласеност помеѓу националната кривично-правна рамка за борба против трговијата со луѓе и релевантните меѓународни стандарди, со цел да се идентификуваат слабостите во постоечките механизми на заштита, превенција и санкционирање. Истражувањето се стреми да даде продлабочен осврт врз начинот на кој институциите ги применуваат прописите, како и врз ефектите што тие ги произведуваат во пракса – особено во делот на правната заштита на жртвите, откривањето и гонењето на сторителите и правната квалификација на делата во рамки на организиран криминал.

Целта е не само да се документираат фактите и институционалните постапки, туку и да се постави аналитичка рамка преку која може да се согледаат причинско-последичните врски меѓу правните норми, судската пракса и резултатите од конкретни предмети. Во овој контекст, трудот обработува релевантни пресуди, како и позитивните и негативните примери од судската и истражната практика, со цел да се согледаат реалните импликации на формалните норми.

Дополнително, истражувањето има за цел да направи компаративна анализа со пет европски држави, преку која ќе се оценат различни пристапи кон справување со трговијата со луѓе, при што ќе се извлечат релевантни заклучоци кои можат да послужат како основа за препораки за подобрување на националниот систем. На тој начин, целта е не само да се обезбеди теоретска рамка, туку и да се создаде основа за практични и применливи решенија.

6.7. Хипотетичка рамка – хипотези

Истражувањето се темели врз разработена хипотетичка рамка која произлегува од претходно утврдените цели и структурната анализа на предметот. Претпоставките поставени во ова истражување се формулирани така што овозможуваат емпириска и нормативна проверка на дејствувањето на институциите во Република Северна Македонија во контекст на справувањето со трговијата со

луѓе како облик на организиран криминал. Основната насока на хипотетичката рамка е да утврди дали постои суштинско отстапување меѓу правната нормативност и фактичката реалност во однос на заштитата на жртвите, ефективноста на кривичниот прогон и усогласеноста со меѓународните обврски.

***Првата хипотеза претпоставува дека**, и покрај постоењето на уредена нормативна рамка, во пракса механизмите за идентификација, процесна заштита и поддршка на жртвите остануваат недоволно функционални поради ограничени капацитети и недоволна интериституционална координација.*

***Втората хипотеза се однесува на претпоставката дека** кривичната квалификација и судската практика не секогаш се во согласност со меѓународните стандарди и со динамиката на современите форми на трговијата со луѓе.*

***Третата хипотеза предвидува дека** компаративната анализа со европски држави ќе покаже значајни разлики во институционалната ефикасност и казнената политика, што може да укаже на потребата од системска и практична ревизија на постојниот пристап.*

Врз основа на овие хипотези, ќе се провери до кој степен државните органи ја спроведуваат својата обврска за ефективна заштита, гонење и санкционирање на сторителите и обезбедување на правична постапка за жртвите. Овие претпоставки ќе бидат предмет на тестирање преку анализа на законодавството, судската практика и институционалните капацитети, со цел да се даде јасна проценка на реалната состојба и да се предложат соодветни мерки за унапредување.

6.8. Начин на истражување – методи и техники

Истражувањето е концепирано како сеопфатна правна и криминолошка анализа на трговијата со луѓе како облик на организиран криминал, со акцент врз системот на заштита на жртвите, правната регулатива, институционалното дејствување и примената на законите во практика. Методолошкиот приод е структуриран така што овозможува да се опфатат теоретските, законодавните и

емпириските аспекти, како и да се направи споредбена анализа со правните системи на повеќе европски држави.

Во истражувањето се користи методот на анализа на правни акти, преку кој се испитува усогласеноста на домашната законска рамка со меѓународните стандарди, особено со Европската конвенција за човекови права и релевантните директиви на Европската Унија. Со овој метод се опфатени: Кривичниот законик на Република Северна Македонија, Законот за кривична постапка, стратешките документи за борба против трговијата со луѓе, како и меѓународни договори и конвенции од областа на човековите права.

Истражувањето се заснова на анализа на секундарни извори, односно преглед и анализа на постоечката литература, книги, извештаи, научни трудови, студии на случаи, статистички податоци и официјални документи од домашни и странски институции, невладини организации и надлежни тела. Посебно значење имаат извештаите од ГРЕТА, Стејт департментот на САД, Европската комисија, Европскиот суд за човекови права, како и од Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција.

За обработка на практичниот дел, се користи методот на студија на случај, каде низ внимателно избрани предмети се анализира судската и обвинителската практика. Во трудот се опфатени неколку конкретни пресуди, вклучувајќи предмети поврзани со трговија со дете, сексуална експлоатација и злоупотреба, како и пресудата од 20.11.2024 година против 13 лица во Скопје, која служи како пример за оценка на казнената политика, истражната постапка и правната заштита.

Во компаративниот дел се применува споредбено-правниот метод, со што се споредуваат националните решенија со оние во Норвешка, Италија, Шпанија, Русија и Холандија. Целта е да се идентификуваат добри практики, разлики во примената на правото и можности за прилагодување на домашната регулатива во насока на поголема ефикасност.

Покрај тоа, применет е и нормативно-аналитички метод при толкувањето на правните норми и нивната практична имплементација, особено во однос на процесната заштита на жртвите и правото на фер судење. Во анализата на случаите од праксата на Европскиот суд за човекови права, користен е методот на

казуистика, со акцент на пресудите кои ја афирмираат позитивната обврска на државата за спречување, санкционирање и заштита од трговија со луѓе.

Комбинацијата на овие методи и техники овозможува изработка на длабинска, интердисциплинарна анализа, со јасна структура и научна аргументација, преку која се истражува реалната состојба и се поставуваат основите за идентификација на слабости и формулирање на препораки за подобрување.

6.9. Научна и општествена оправданост на истражувањето

Истражувањето за трговијата со луѓе како дел од организираниот криминал, со фокус на меѓународните и националните правни инструменти, институционалните капацитети и судската пракса, има двојна оправданост – научна и општествена.

Од научен аспект, ова истражување ја проширува постојната правна и криминолошка литература со интердисциплинарен пристап кој комбинира позитивно-правна анализа, компаративно право и студии на случаи. Истовремено, анализата се заснова на конкретни пресуди, меѓународни стандарди, релевантна јуриспруденција и институционални механизми за превенција и санкционирање на трговијата со луѓе. Истражувањето овозможува интегрирање на компаративна перспектива со националната реалност, што претставува значаен придонес во елаборирањето на теоретските модели, нормативната ефективност и практичната примена на меѓународното и домашното право во случаи поврзани со трговија со луѓе.

Истовремено, истражувањето е од исклучително значење за општеството, бидејќи обработува прашање што директно ги засега основните човекови права, правната сигурност и ефикасноста на институциите. Актуелноста на темата е очигледна со оглед на растечкиот број на случаи поврзани со сексуална и трудова експлоатација, вклучително и злоупотребата на малолетни лица, како и соочувањето со предизвиците што произлегуваат од прекуграничниот карактер на организираниот криминал. Со утврдување на недостатоците во законодавната рамка, слабостите во истражните и судските постапки и нефункционалноста на дел

од институционалната мрежа, се создава основа за формулирање на конкретни препораки што можат да бидат корисни за законодавците, правосудните органи, научната заедница и граѓанскиот сектор.

Преку овој труд се придонесува кон јавната дебата и се поттикнува свесноста за потребата од реформирање и унапредување на системот за заштита на жртвите, гонење на сторителите и превенција на трговијата со луѓе, како составен дел од борбата против организираниот криминал.



Слика 5. http://www.someoneschild.org/someoneschild.html (Превземено и пристапено на ден 03.04.2025)

ГЛАВА 7. РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА

Во рамките на спроведеното истражување, резултатите покажаа високо ниво на корелација помеѓу недоволната институционална координација и зголемениот ризик од нерегистрирани и недокажани случаи на трговија со луѓе. Анализата ги потврди почетните насоки дека и покрај постоењето на правна рамка, имплементацијата се уште е селективна, а пристапот кон жртвите останува нерамномерен.

Резултатите укажуваат на потреба од интензивирање на институционалната соработка, воведување обврзувачки протоколи за третман на жртвите и зголемена транспарентност во судската пракса. Токму преку овие наоди се обезбедува основа за одговори во рамки на поставените истражувачки прашања, цели и хипотези.

7.1. Одговор на истражувачките прашања

Во светло на поставената истражувачка рамка, секое од трите прашања претставуваше независен аналитички правец, со цел да се проникне во комплексноста на феноменот трговија со луѓе од аспект на неговата поврзаност со организираниот криминал, ефикасноста на институционалниот одговор и положбата на жртвата во постапката.

Во однос на првото прашање, анализата на судската пракса, законодавните решенија и извештаите од релевантни тела покажува дека трговијата со луѓе во Република Северна Македонија не претставува изолиран криминален инцидент, туку е дел од пошироки мрежи на организирано дејствување. Преку синџири што вклучуваат повеќе лица, улоги и структурирана поделба на функции, делото често е заштитено со елементи на корупција, институционална пасивност и тешко докажливи врски, што дополнително го комплицира неговото процесуирање. Препознавањето на оваа врска беше поткрепено со судски пресуди во кои се инкриминирани повеќе лица, често во рамки на заеднички договор, што ја потврдува хипотезата за интервенција на организиран криминал во трговијата со луѓе.

Во однос на второто истражувачко прашање, резултатите укажуваат на недоволна применливост на нормативната рамка, и покрај формалната хармонизација со меѓународното право. Иако во државата постојат институции со експлицитна надлежност во справување со трговијата со луѓе – како што се Министерството за внатрешни работи, Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција и Националната комисија – нивната интериституционална координација во пракса често е несоодветна, непостојана или базирана на ад хок механизми. Понатаму, иако се прифаќаат добрите практики од странство, нивното локализирање не е соодветно адаптирано на домашниот контекст, што резултира со ограничен опфат на случаи, бавни реакции и минимални санкции. Судската пракса покажува недоволна употреба на заштитни механизми при сослушување на жртвите, а во дел од случаите дури и отсуство на системска анализа за причинско-последичната врска меѓу експлоатацијата и организациската структура зад неа.

Третото истражувачко прашање отвора едно од најсензитивните подрачја во доменот на борбата против трговијата со луѓе – третманот на жртвите. Според спроведената анализа, процесот на идентификација и реинтеграција често зависи од капацитетот на поединечни актери, од расположивоста на финансиски и човечки ресурси, како и од нормативните празнини. Жртвите не секогаш се третираат соодветно според нивниот ранлив статус, а реинтегративните мерки се краткорочни и без континуирана институционална поддршка. Проблемот е уште подлабок во ситуации кога жртвата е дете – тогаш недостасуваат специјализирани тимови за интервенирање, како и долгорочна стратегија за психосоцијална и правна поддршка. Особено е проблематичен елементот на секундарна виктимизација, кој честопати произлегува од начинот на кој институциите ја водат истражната и судската постапка.

Затоа, одговорите на поставените прашања не само што потврдуваат дел од иницијалните истражувачки претпоставки, туку посочуваат на конкретни системски недостатоци и овозможуваат да се формулираат конкретни насоки за унапредување, кои подоцна ќе бидат интегрирани низ компаративниот осврт и препораките за Република Северна Македонија.

7.2. Одговор на целите на истражувањето

Целите на ова истражување беа поставени така што секоја од нив претставуваше чекор кон откривање на суштинските структурни, правни и практични аспекти поврзани со трговијата со луѓе во Република Северна Македонија. За разлика од пристапот кој ги акцентираше резултатите поради поставените прашања, тука акцентот е ставен на начинот на реализација и обемот на постигнување на секоја од дефинираните цели, преку конкретни истражувачки дејствија.

Првата цел се однесуваше на систематизирање на правните и институционалните механизми што се применуваат во случаи на трговија со луѓе. Оваа цел беше обработена преку анализа на законски текстови, подзаконски акти, стратешки документи и судска практика. При тоа, истражувањето не остана во доменот на апстрактно разгледување на регулативата, туку се насочи кон согледување на функционалноста на постојните инструменти. Истражувањето покажа дека, иако правната рамка е формално усогласена со европските директиви и меѓународните конвенции, постојат бариери во нејзината операционализација, што укажува дека целта е остварена, но не и во смисла на целосно задоволително ниво на имплементација.

Втората цел беше насочена кон идентификација на тековните институционални слабости и предизвици. Оваа цел се оствари преку анализа на конкретни постапки, особено преку студиите на случаи вклучени во трудот. Наместо генерализирање, во фокусот беа конкретни институции: Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Министерството за внатрешни работи, како и судовите. Анализата ги прикажа ограничувањата во капацитетите, недоволната стручна поддршка во постапките со деца-жртви и потребата од специјализирани тимови за справување со вакви кривични дела. Целта е остварена преку експлицитно евидентирање на овие институционални недостатоци и нивната рефлексија во судските одлуки.

Третата цел, која се однесуваше на согледување на ефектите од примената на механизмите за заштита и реинтеграција на жртвите, беше реализирана преку

пристап базиран на анализа на праксата, особено преку следење на случаи каде жртвите се деца или лица во ранлива положба. Оваа цел имаше за цел не само опис, туку и интерпретација на тоа колку процесната заштита е ефективна во пракса. Истражувањето покажа дека и покрај нормативното постоење на заштитни мерки, нивната употреба е инцидентна, со што се доби реална слика за разликата меѓу теорија и практика.

Последната цел се однесуваше на изработка на аргументирани предлози за унапредување на системот. Оваа цел не беше третирана изолирано, туку како резултат на целокупното истражување. Преку компаративната анализа со други држави беше можно да се утврди кои елементи недостасуваат во домашниот систем. Истовремено, се добија сознанија за тоа каков модел би бил најприфатлив во контекстот на постоечките институционални капацитети. Оваа цел се смета за исполнета преку објективно прикажани препораки кои се базирани на конкретни податоци, а не на претпоставки.

Со ова, сите истражувачки цели се обработени и реализирани во согласност со методолошката рамка на трудот, без да се навлегува во повторување на претходните делови. Перспективата овде е насочена кон вреднување на самиот процес на истражување како механизам за идентификација, верификација и артикулација на проблемите и нивните решенија.

7.3. Одговор на поставените хипотези

Поставените хипотези во рамки на ова истражување се концепирани со цел да ја проверат ефикасноста на правната рамка, практичната примена на законските одредби и степенот на институционална функционалност во справувањето со трговијата со луѓе. Во текот на анализата беа разгледани реални судски случаи, законски текстови, меѓународни стандарди, компаративна пракса, како и емпириски сознанија презентирани преку анализа на пресуди и извештаи, врз основа на што се утврди следното:

Првата хипотеза, која гласи *„и покрај постоењето на уредена нормативна рамка, во пракса механизмите за идентификација, процесна заштита и поддршка*

на жртвите остануваат недоволно функционални поради ограничени капацитети и недоволна интеринституционална координација“, е потврдена со висок степен на сигурност, оценет на приближно 85%. Нејзината потврда произлегува пред сè од деталната анализа во потточките 3.4 и 3.8, каде се констатира дека и покрај нормативните решенија и формалната распределба на надлежности, во пракса постојат значајни празнини во заштитата на жртвите, особено во поглед на нивното испитување, реинтеграција и вклучување во постапката. Во студијата на случај 3.8, се укажува дека од 13 анализирани пресуди само во еден случај се користени аудио и видео средства за сослушување на дете-жртва, што ја потврдува претпоставката за ограничена функционалност на процесната заштита. Понатаму, ниската применливост на Директивата 2011/36/EU во националниот контекст дополнително ја поддржува оваа оценка.

Втората хипотеза формулирана како *„кривичната квалификација и судската практика не секогаш се во согласност со меѓународните стандарди и со динамиката на современите форми на трговијата со луѓе“* е потврдена со умерено висок степен на сигурност, проценет на околу 70%. Потврдата на оваа хипотеза произлегува пред се од потточките 3.3 и 3.6, каде е елаборирано дека во судската пракса, честопати делата се квалификуваат според полесни форми (на пр. „полов напад“ наместо „трговија со дете“), што влијае врз тежината на санкцијата. Во студијата за пресудата од 20.11.2024, се нотира дека дури и кога станува збор за организирана група, санкциите биле благи, со највисока казна од 5,5 години затвор што е под законскиот минимум за организиран криминал. Ова не само што ги релативизира меѓународните стандарди, туку остава простор и за девалвација на жртвите. Поради тоа, хипотезата се потврдува со силна емпириска поддршка, иако не со апсолутна сигурност.


Третата хипотеза, која претпоставува дека *„компаративната анализа со европски држави ќе покаже значајни разлики во институционалната ефикасност и казнената политика, што може да укаже на потребата од системска и практична ревизија на постојниот пристап“*, се потврдува во целост, со степен на сигурност од 90%. Во главата 4, особено низ потточките 4.1 до 4.5, се врши детална споредбена анализа со Норвешка, Италија, Русија, Шпанија и Холандија. Овие

држави покажуваат значително поразвиени модели на институционална координација, употреба на специјализирани истражни тимови, постојани обуки за судии и обвинители, како и јасно формулирана казнена политика.

Во случајот на Норвешка, на пример, механизмите за идентификација и реинтеграција се тесно поврзани со специјализирани социјални служби, што ја зголемува ефикасноста на системот. Во Италија, пак, соработката со ангажирани НВО структури се покажала како одлучувачки фактор во заштитата на жртвите. Овие разлики укажуваат на реална и применлива можност за трансфер на добри практики во македонскиот контекст, што ја потврдува релевантноста и оправданоста на оваа хипотеза.

Може да се констатира дека сите три хипотези се потврдени со различен степен на емпириска поткрепа, што ја потврдува точноста на поставениот истражувачки модел. Истовремено, анализата ги идентификува конкретните слабости и предности во правната, институционалната и судската практика, што отвора простор за идни подобрувања и насочени интервенции.

Хистограм 1. Степен на потврда на истражувачките хипотези изразен во проценти



(Закчучоци од сопственото истражување)

7.4. Компаративна перспектива: Релативно позиционирање, системски потенцијали и нормативна асиметрија во контекстот на трговијата со луѓе

Резултатите од компаративната анализа со Норвешка, Италија, Русија, Шпанија и Холандија покажуваат разновидност во нормативната консолидација, административната иновативност и судската реактивност на државите во справувањето со трговијата со луѓе. Наместо да се третираат како механички категории, овие елементи се анализираат низ призма на реална имплементација, ефикасност и одржливост на применетите механизми. Токму таа перспектива дозволува Република Северна Македонија да се согледа не како посебен случај, туку како дел од поширока европска конфигурација на системски одговори, при што се разоткриваат и нејзините структурални јазови и потенцијални правци за унапредување.

Анализата открива дека Холандија и Норвешка демонстрираат високо ниво на интероперабилност меѓу институциите, како и предвидлива и транспарентна казнена политика, што резултира со намалена латентност и зголемена ранливост на криминалните мрежи. Споредбено, Италија и Шпанија применуваат модели што се карактеризираат со регионални варијации и фрагментирана заштита на жртвите, додека Русија поседува најслаби капацитети за следење, транспарентност и институционален надзор. Овие разлики не се само квантитативни, туку изразуваат квалитативни несразмери во разбирањето на трговијата со луѓе како феномен.

Во таа рамка, Република Северна Македонија се наоѓа на средна позиција во однос на нормативната рамка, но на периферијата според имплементација и резултати. Најочигледна е дисфункцијата на вертикалната координација меѓу државните тела и дефицитот на стратешки механизми за долгорочно следење, што ја лишува државата од кохерентна реакција во случаи на комплексни мрежи на трговија со луѓе.

Недостатокот на одржлив модел за реинтеграција на жртвите и непостоење на унифицирани протоколи за меѓуинституционална размена на информации ја изолираат државата од компаративно ефикасните практики.

<u>Централизирана институционална платформа со надзорна функција и редовни извештаи до јавноста</u>

Поставувањето на единствена институционална платформа, со централизиран капацитет за собирање, анализа и надзор врз сите случаи поврзани со трговија со луѓе, би претставувало значаен системски напредок. Таквата структура треба да биде составена од претставници на релевантните органи: обвинителство, судство, Министерство за внатрешни работи, Министерство за труд и социјална политика и невладиниот сектор. Централизираната платформа не би функционирала само како база на податоци, туку како активен координативен и евалуативен субјект, задолжен за изготвување периодични, транспарентни извештаи за јавноста.

Тоа би овозможило засилена отчетност, препознавање на обрасци на институционален пропуст и систематско следење на ефикасноста на донесените мерки. Дополнително, редовната публикација на податоци и анализа би го зголемила притисокот врз носителите на јавни функции да делуваат проактивно, со поголема етичка одговорност и стручна подготвеност.

<u>Внатрешна ревизија на досегашните постапки во случаи со јавен интерес</u>

Една од најчесто запоставените димензии на борбата против трговијата со луѓе е механизмот за внатрешна правна и етичка ревизија на завршени или во тек постапки што предизвикале значителен јавен интерес. Примената на методолошки структурирана внатрешна ревизија би овозможила детекција на процесни недостатоци, пропусти во спроведувањето на истражните дејствија, неправилна правна квалификација, несоодветна процесна заштита на жртвите или ненавремено ангажирање на стручни лица. Преку утврдување на објективни параметри, оваа ревизија може да резултира со конкретни институционални корекции, дисциплински постапки, како и унапредување на професионалната одговорност. Нејзината функција не би била санкционирачка по природа, туку превентивна и конструктивна – насочена кон идентификување на системски слабости и создавање на култура на континуирано подобрување.

<u>Јакнење на психо-социјалните служби за жртвите</u>

Психо-социјалната поддршка на жртвите на трговија со луѓе мора да биде ослободена од административна зависност, недоволен кадар и непрофесионализам.

За таа цел, потребно е значително јакнење на капацитетите на службите за психолошка интервенција, социјална реинтеграција и стручна помош. Овие служби треба да бидат сместени во рамките на посебни единици, независни од извршната власт, со буџетски обезбедени средства и обврска за интердисциплинарна соработка. Со тоа се овозможува третман на жртвата како субјект со право на рехабилитација, а не само како носител на доказна вредност. Освен итна пост-трауматска интервенција, психо-социјалната поддршка мора да опфати долгорочни програми за стабилизација, образование, правна поддршка и ресоцијализација.

Развивањето на персонализирани планови за секоја жртва би овозможило ефективно справување со последиците од виктимизацијата и би го намалило ризикот од повторна експлоатација.

Воспоставување на мобилни мултидисциплинарни тимови со извршни овластувања

Ефикасната интервенција на терен бара создавање на мобилни тимови, составени од истражители, обвинители, психолози, социјални работници и преведувачи, со овластување да реагираат веднаш по добивање на информација за можен случај на трговија со луѓе. Овие тимови би дејствувале според однапред утврдени протоколи, а не по дискреција на поединечни институции.

Нивното дејствување ќе биде организирано преку 24-часовен систем на мобилна интервенција, со обврска да доставуваат детални извештаи до надлежните институции. Извршните овластувања значат можност за привремено одземање на лице од ризично окружување, препораки за итна заштита и можност за непосредна комуникација со јавниот обвинител. Со нивна примена, државата би го демонстрирала капацитетот за непосредна, координирана и професионална реакција – особено во рурални, гранични или социјално изолирани средини.

Проширување на постојната законска рамка со обврска за минимални стандарди при испитување

Прецизирањето и кодифицирањето на минимални стандарди за испитување на жртви на трговија со луѓе претставува неопходен правец за унапредување на правната заштита и фер судење. Во постојната практика, се забележуваат варијации

во начинот на испитување, честопати надвор од препорачаните стандарди за третман на ранливи категории.

Новата законска рамка треба да вклучува обврска за видео и аудио снимање на секој распит, задолжително присуство на стручни лица (психолози, социјални работници), ограничување на бројот на испитувања и обврска за користење на посредни комуникациски средства кога жртвата е дете или изложена на траума. Испитувањето треба да се врши во посебно прилагодени простории и без присуство на обвинетите или нивните бранители, со што се овозможува заштита на достоинството и психичката стабилност на жртвата. Ваквата стандардизација би била од суштинско значење за обезбедување на почитување на човековите права во кривичната постапка.

Препораките не треба да се сведат само на усвојување на туѓи решенија, туку на модуларна трансформација на постојните механизми, со воспоставување на: стандарди при испитување, заштита и компензација на жртвите.

Оваа компаративна поставеност ја прикажува Република Северна Македонија не само како субјект во развој, туку како држава што се соочува со дилема меѓу формална усогласеност и суштинска ефикасност, што претставува повик за стратегиски ресет и поставување на човековата безбедност како неделива димензија на системот на кривична правда.

7.5. Општа дискусија

Имајќи ја предвид значајната празнина меѓу формалната уреденост и ефективната примена, дискусијата отвора потреба од реструктуирање на пристапот кон превенција и реакција на случаи на трговија со луѓе. Недостатокот на континуирана обука за полицијата, обвинителството и судиите создава правна и методолошка нерамнотежа, особено при идентификација и квалификација на кривичните дела што често се трансформираат во полесни обвинениј а. Практиката покажа отсуство на сензибилизираност при сослушување на жртвите, што резултира со секундарна виктимизација, наместо нивна заштита.

Покрај тоа, недостатокот на редовна, транспарентна анализа и објавување на податоци за бројот, видот, и правниот исход на предметите поврзани со трговијата со луѓе, претставува сериозна пречка за јавна отчетност. Ваквата ситуација доведува до губење доверба во институциите, особено кога постојат јавни контроверзии за благи казни или нефункционални истраги. Само на тој начин ќе може да се постигне не декларативен, туку вистински функционален систем на заштита, превенција и казнување на трговијата со луѓе во земјата.



Слика 6. *https://zenmauritius.wordpress.com/2018/08/03/human-trafficking-in-mauritius/ (Превземено и пристапено на ден 05.04.2025).*

ЗАКЛУЧОК

Во целосниот пресек на истражувањето произлезе јасен сигнал дека трговијата со луѓе, како сложен и динамичен криминален феномен, бара синхронизирана интервенција која ги надминува формалните нормативни решенија. Иако постојат позитивни тенденции во уредувањето на правната рамка и се забележува пораст на институционалната активност, практичната примена сè уште се соочува со сериозни празнини кои го отежнуваат откривањето, процесирањето и санкционирањето на сторителите, како и долгорочната заштита и реинтеграција на жртвите. Нееднаквата ефикасност на институциите, како и непостојаната примена на меѓународните стандарди, ја нагласуваат потребата од целосна реевалуација на пристапите што ги применуваат државните тела.

Во рамки на истражувањето, преку детална анализа на правниот и институционалниот систем, како и преку споредбени увидувања од други држави и практиката на Европскиот суд за човекови права, се потврди дека борбата против трговијата со луѓе не може да се третира изолирано, туку како дел од поширока политика на владеење на правото, човекова безбедност и социјална правда. Оттаму, идните истражувања треба да ја прошируваат анализата во повеќе насоки, кои не само што ќе го збогатат академското знаење, туку ќе создадат основа за конкретни реформски процеси.

<u>Во таа насока, следните дванаесет истражувачки насоки се препорачуваат како приоритетни:</u>

1. *Детално квантитативно и квалитативно истражување на бројот, типологијата и правниот исход на сите постапки поврзани со трговија со луѓе во изминатата деценија.*
2. *Интердисциплинарна анализа на капацитетите и обуките на обвинителите и судиите во постапките за трговија со луѓе.*
3. *Истражување за степенот на институционална соработка помеѓу надлежните органи при откривање и процесирање на овие кривични дела.*
4. *Проучување на влијанието на јавните медиуми врз јавната перцепција и третманот на жртвите во контекст на трговијата со луѓе.*

5. *Истражување на начини на радикализација и вовлекување на жртвите преку дигитални платформи и социјални мрежи.*
6. *Анализа на казнената политика и нејзиното влијание врз рецидивизмот кај осудените за трговија со луѓе.*
7. *Споредбена студија на модели на теренска идентификација на жртви во други држави, со цел формулирање на теренска стратегија за Северна Македонија.*
8. *Истражување на механизмите за надворешен надзор и отчетност во институциите што работат со жртви.*
9. *Евалуација на ефектите од програмите за реинтеграција и нивната одржливост од перспектива на жртвите.*
10. *Проучување на пристапот до правда за жртвите и нивната застапеност во текот на судските постапки.*
11. *Анализа на постапките на меѓународна соработка и ефектите од правната помош меѓу државите во прекугранични случаи.*
12. *Истражување на ефектите од економските, социјалните и културните фактори врз појавата и репродукцијата на трговијата со луѓе.*

Овие препораки се основа за продлабочување на академската и практичната дебата околу овој феномен. Само преку темелно, систематско и холистичко истражување ќе може да се воспостави функционална стратегија што ќе биде отпорна на контекстуални ризици и ќе обезбеди долгорочна заштита и правда за жртвите.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Анастасов, М. (2020). Магистерски труд: Трговијата со луѓе во контекст на организираниот криминал. ФОН Универзитет

Арнаудовски, Д. и Стојановски, Ѓ. (2011). Трговија со луѓе – криминалитет. Скопје: ФОН Универзитет

Баленс, К. (2007). Ending slavery: How we free today's slaves. University of California Press

Bales, K. (2007). Ending slavery: How we free today's slaves. University of California Press

Bovenkerk, F., & van San, M. (2011). Human trafficking in the Netherlands: Trends and recent developments. Amsterdam: Amsterdam University Press

Council of Europe. (2005). Council of Europe Convention on Action against Trafficking in Human Beings

Council of Europe. (2024). Trafficking in Human Beings and Information and Communication Technologies: Abuse and Institutional Response in North Macedonia

Council of Europe (2022). GRETA 3rd Evaluation Round – North Macedonia Report. Strasbourg: GRETA Secretariat

Данаилов, Владимир. Трговија со луѓе – криминален бизнис со робовладетелски лик, Меѓународна организација за миграции мисија во Скопје, Скопје, 2001

Direzione Investigativa Antimafia. (2024). Relazione semestrale al Parlamento.

Dworkin, R. (1986). Law's Empire. Cambridge, MA: Harvard University Press ECPAT International. (2021).

European Commission. (2011). Directive 2011/36/EU on preventing and combating trafficking in human beings and protecting its victims

European Commission (2021). Progress Report on the implementation of the EU Strategy on Combating Trafficking in Human Beings

Gallagher, A. T. (2010). The international law of human trafficking. Cambridge University Press

Gallagher, A., & Holmes, P. (2008). Developing an Effective Criminal Justice Response to Human Trafficking: Lessons from the Front Line. International Criminal Justice Review

Global Boys Initiative – Sexual Exploitation of Boys
ECPAT International. (2022). Community-Based Interventions Against Human Trafficking

GRETA. (2022). Compendium of good practices in addressing trafficking in human beings for the purpose of labour exploitation. Council of Europe

GRETA. (2022). Report concerning the implementation of the Council of Europe Convention on Action against Trafficking in Human Beings by Italy

Гринберг, Р. С., & Смирнова, Е. Г. (2022). Уязвимость трудовых мигрантов и институциональные механизмы защиты в России. Экономика и управление

INTERPOL. (2023). Human Trafficking – Operational Framework and Coordination Tools
International Justice Mission. (2020). Online Sexual Exploitation of Children – Trends and Responses

International Labour Organization. (2012). ILO global estimate of forced labour: Results and methodology. Geneva: ILO

International Organization for Migration (IOM). (2022). Global Report on Trafficking in Persons

Камбовски, В. (2001). Учество на повеќе лица во казненото дело: предавања на постдипломските студии по казнено право на Правниот факултет во Скопје

Камбовски, В. (2005). Организиран криминал, 2-ри Август.

Камбовски, В. (2009). Казнено право – општ дел. Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“

Камбовски, В. (2016). Коментар на Кривичниот законик. Скопје: Матица

Kleemans, E. R. (2017). Organized crime, human trafficking, and the effectiveness of anti-trafficking policies in the Netherlands. European Journal on Criminal Policy and Research

La Strada International. (2021). NGO monitoring and victim support report
Латова, А. В. (2019). Торговля людьми в России: правовые и социальные аспекты. Социологические исследования.

Maggy Lee. (2009). Trafficking and global crime control. London: SAGE Publications

Martínez García, J. (2016). La explotación laboral en España: Un estudio sobre la trata de personas con fines de trabajo forzado. Valencia: Tirant lo Blanch

Ministero dell'Interno. (n.d.). Piano Nazionale d'Azione contro la Tratta e il Grave Sfruttamento degli Esseri Umani

Mitchel P. Roth. (2010). Global Organized Crime. Santa Barbara: ABC-CLIO
Norwegian Government. (2020). National Action Plan against Human Trafficking 2020–2023

Norwegian Ministry of Justice and Public Security. (2008). Immigration Act (Chapter 13 – §§ 92–93)

Norwegian Ministry of Justice and Public Security. (2020). National Action Plan against Human Trafficking (2020–2023)

Obokata, T. (2006). Trafficking of Human Beings from a Human Rights Perspective. Leiden–Boston: Martinus Nijhoff Publishers

Одлука за формирање на Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција. Службен весник

Отворена порта. (2023). Годишен извештај за активности и влијание во борбата против трговијата со луѓе во РСМ

Paoli, L. (2002). The paradoxes of organized crime. Crime, Law & Social Change

Paoli, L. (2004). The Impact of Organized Crime on Democratic Governance. Social Research

Петрова, С. Н. (2020). Международные стандарты и российское законодательство в борьбе с торговлей людьми. Право и безопасность

Sánchez, M. (2014). La trata de seres humanos: Una aproximación desde la perspectiva de género. Madrid: Dykinson

Semenova, E. V. (2020). Анализ судебной практики по делам о торговле людьми в Российской Федерации. Журнал российского права

Shelley, L. (2003). Human trafficking: Transnational organized crime and human rights. The Annals of the American Academy of Political and Social Science

Shelley, L. (2010). Human Trafficking: A Global Perspective. Cambridge: Cambridge University Press

Shelley, L. I. (1995). Transnational Organized Crime: An Imminent Threat to the Nation-State? Journal of International Affairs

Siegel, D. (2011). Human trafficking and legalized prostitution in the Netherlands. Temida

Стојановска, А. (2014). Криминолошка анализа на трговијата со луѓе

Сулејманов З. (2007). Криминологија. Скопје: Графос

Tom Obokata. (2006). Trafficking of Human Beings from a Human Rights Perspective. Leiden–Boston: Martinus Nijhoff Publishers

UNODC. (2002). Results of a pilot survey of forty selected organized criminal groups in sixteen countries

UNODC. (2022). Global Report on Trafficking in Persons
United Nations. (2000). Protocol to Prevent, Suppress and Punish Trafficking in Persons,Especially Women and Children

United Nations Human Rights Council (2021). Report of the Special Rapporteur on trafficking in persons, especially women and children

United Nations Office on Drugs and Crime. (2000). Protocol to Prevent, Suppress and Punish Trafficking in Persons

United Nations Office on Drugs and Crime. (2009). UN Handbook for Parliamentarians. Vienna: UNODC

United Nations Office on Drugs and Crime. (2020). Global Study on Smuggling of Migrants

Van Dijk, J., & Klerks, P. (2007). Trafficking in human beings: Ten years of independent monitoring by the Dutch National Rapporteur. The Hague: BNRM

Vermuelen, G., Van Damme, Y., & De Bondt, W. (2010). Organized crime involvement in trafficking in persons and smuggling of migrants. UNODC Publication

Williams, P., & Godson, R. (2002). Anticipating organized and transnational crime. Crime, Law and Social Change

Закони

Закон за Академија за судии и јавни обвинители. *Службен весник на Република Македонија*, бр. 20/2015, 192/2015, 231/2015, 163/2018, 129/2023, 53/2024.

Закон за Финансиска полиција. *Службен весник на Република Македонија*, бр. 12/2014, 43/2014, 33/2015, 27/2016, 83/2018, 198/2018.

Закон за јавното обвинителство. *Службен весник на Република Северна Македонија*, бр. 42/2020.

Закон за кривична постапка. *Службен весник на Република Македонија*, бр. 150/2010, 100/2012, 142/2016, 198/2018, 150/2021.

Кривичен законик. *Службен весник на Република Македонија*, бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2015, 27/2015, 97/2015, 226/2015, 37/2016, 71/2016, 132/2016, 190/2016, 248/2016, 120/2018, 248/2018, 275/2019, 292/2019, 150/2021.

Закон за полицијата. *Службен весник на Република Македонија*, бр. 114/2006, 6/2009, 145/2012, 164/2013, 33/2015, 64/2018, 150/2021.

Закон за социјална заштита. *Службен весник на Република Северна Македонија*, бр. 104/2019, 146/2020, 151/2021.

Закон за Царинска служба. *Службен весник на Република Македонија*, бр. 46/2005, 84/2007, 166/2012, 23/2016, 248/2018, 150/2021.

Интернет страни

https://www.unodc.org/unodc/en/human-trafficking/index.html

https://www.unodc.org/unodc/en/data-and-analysis/glotip.html

https://www.coe.int/en/web/anti-human-trafficking

https://ec.europa.eu/anti-trafficking/

https://www.ilo.org/global/topics/forced-labour/lang--en/index.htm

https://www.iom.int/counter-trafficking

https://www.interpol.int/en/Crimes/Human-trafficking

https://www.osce.org/combating-trafficking-in-human-beings

https://www.state.gov/trafficking-in-persons-report/

https://www.humanrights.gov.au/our-work/rights-and-freedoms/projects/face-facts-human-trafficking

https://freedomfund.org/programs/human-trafficking/

https://www.antislavery.org/what-we-do/trafficking/

https://www.europarl.europa.eu/news/en/headlines/world/20211014STO14926/human-trafficking-facts-and-eu-actions

https://www.echr.coe.int/Pages/home.aspx?p=caselaw/analysis/humantrafficking

https://www.equalitynow.org/ending_sex_trafficking/

https://www.globalslaveryindex.org/

https://www.humantrafficking.org/

https://www.childtrafficking.com/